Влада на Република Северна Македонија
Национална комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

НА

НАЦИОНАЛНАТА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

ЗА

2024 година

Скопје, мај 2025 година

СОДРЖИНА

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА 3

1.1 Координирачки структури 3

1.2 Законска и регулаторна рамка 5

1.3 Меѓународни договори и меѓународно вмрежување 6

1.4 Меѓународна соработка 7

2. ПРЕВЕНЦИЈА 13

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција 13

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби 16

2.3 Подигање на јавната свест и едукација 22

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ 28

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви 28

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви 29

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти 32

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ 34

4.1 Предистражна постапка 34

4.1.1 Трговија со луѓе/дете 34

4.1.2 Акциски контроли и инспекциски надзори 37

4.1.3 Криумчарење мигранти 38

4.2 Кривична постапка 41

5. БУЏЕТ 43

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 година 44

1. ПОДДРЖУВАЧКА РАМКА

1.1 Координирачки структури

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција[1] (Комисијата) е тело кое ги обединува и координира сите засегнати страни во борба против трговијата со луѓе. Со Комисијата раководи Национален Координатор[2], а учествуваат и двајца заменици од кои еден е задолжен за активностите од областа за борба против трговијата со луѓе, а другиот заменик за активности поврзани со илегалната миграција, секретар и членовите на Комисијата.[3]

Во рамките на Комисијата од 2003 година, функционираат работни тела: Секретаријат,[4] кој дава поддршка во реализација на одлуките на Комисијата и Подгрупата за борба против трговија со деца (Подгрупа) која ги следи специфичните потреби на децата жртви, штитејќи ги нивните интереси и права.[5]

Во текот на годината, Комисијата и нејзините тела одржуваа редовни контакти со членовите и соработниците на национално[6] и регионално ниво, на кои се дискутираа и предлагаа решенија и заложби за унапредување во областа на трговијата со луѓе/деца и илегална миграција. Воедно, тие континуирано спроведуваа активности предвидени во Национална стратегија и Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција и Национален акциски план за борба против трговија со деца за период 2021-2025 година (НАП).[7]

Националната Единицата за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (НЕСКМТЛ) при Министерството за внатрешни работи (МВР) во 2024 година, континуирано ја реализираше својата основна задача, насочена кон откривање и гонење на сторителите на кривични дела на трговија со луѓе и криумчарење мигранти. Во континуитет таа постапува согласно Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со

---

[1] Одлука објавена во „Службен весник на РМ“ бр.18/2001, 82/2015, 18/2019 и „Службен весник на РСМ“ 240/2020 и 218/24.

[2] „Службен весник на РСМ”, број 240/24

[3] Членови на Комисијата, преставници на: МВР, МНРНТ, МСПДМ, МП, МОН/БРО, МЗ, ОЈО за ГОКК, Основен кривичен суд Скопје, ДИТ и АВРСМ. Последни измени беа направени во 2024г и објавени во „Службен весник на РСМ”, број 240/24

[4] Членуваат претставници од: меѓународни организации, здруженија на граѓани и експерти од владините институции: МВР-НЕСКМТЛ, МТСП-НМУ, ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ, Амбасада на САД, ICMPD, OSCE, IOM, UNODC, UNHCR, GIZ, РЦ-MARRI, Програмска канцеларија на Совет на Европа, МЗМП, Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе„Отворена Порта-Ла Страда“,Здружението на граѓани„За среќно детство“ и Црвен крст на РСМ.

[5] Претседава раководителка на секторот за еднакви можности при МТСП-НМУ, членови се: МВР-НЕСКЕКМ, БРО, Програмска канцеларија на Совет на Европа, ICMPD, UNODC, OSCE, IOM, ГИЗ, УНИЦЕФ, Здруженија „Отворена Порта-Ла Страда,“ „За среќно детство“, СОС Детско село и заменик Народен правобранител како надворешен член/набљудувач.

[6] Одржан состанок во текот на минатата година на 10.05.2024 година.

[7] Стратегијата и НАП се усвоени на 20 април 2021 година. од страна на Влада на РСМ.

жртви на трговија со луѓе, при што за сите идентификувани претпоставени жртви на трговија со луѓе (ПЖТЛ) го известува Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе (НМУ), врши проценки за безбедносен ризик на жртвите и ги упатува во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот/ЦЛЖТЛ).

Полициските службеници од НЕСКМТЛ, се дел од Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе (Task Force), и учествуваат во размена на информации преку веќе воспоставени канали како што се Европол, Интерпол, Селек, Фронтекс, офицери за врски и сродните единици од МВР во земјите од регионот и активно партиципираат во Работна група на Западен Балкан за криумчарење мигранти (Western Balkan Task Force) во откривање на меѓународни организирани криминални групи.

Министерството за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), Секторот за еднакви можности, како координатор на НМУ, во 2024 година продолжи со соработка со Комисијата и координација со членовите на Подгрупата, Центрите за социјална работа (ЦСР), Државниот трудов инспекторат (ДИТ), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК) и МВР/НЕСКМТЛ, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и релевантни здруженијата на граѓани (ЗГ). НМУ ги следи и координира активностите (во 30 градови во РСМ) во ЦСР кои имаат исклучително важна улога во целиот процес, од идентификација до ресоцијализација и реинтеграција на жртви и децата жртви на трговија со луѓе. Претседавач на Подгрупата е претставничка од МСПДМ/НМУ која во текот на 2024 година следеше спроведување на активности согласно Оперативениот план за борба против трговија со деца 2023-2025 година.

Оперативниот тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус (Оперативен тим)[8] во текот на 2024 година продолжи со својата работа и одржа 3 координативни состаноци[9] со цел идентификување на жртви за кои беа донесени одлуки за нивниот статус и координирање и следење на случаи на трговија со луѓе/деца, чијашто формална идентификација е веќе извршена.

Комисијата е во континуирана координација и со **Националниот известувач за борба против трговија со луѓе и илегална миграција,**[10] при што се разменуваат потребни информации за спроведените активности и овозможуваат податоци кои се потребни за подготовка на извештајот од страна на Националниот известувач за трговија со луѓе на РСМ.

[8]Формиран 2022 година со одлука на Комисијата.
[9]На 10.05.2024 година, на 16.09.2024г и на 13.12.2024 година
[10]Од 01.12.2019 година избрано е лице од Народниот правобранител на РСМ за Национален известувач.

1.2 Законска и регулаторна рамка

Во текот на 2024 година започна да се применува Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјална услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребна документација за Центарот за привремен престој,[11] во согласност со Законот за социјална заштита. Ова се однесува на Центарот за жртви на трговија со луѓе како основа за донесување на Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2024 година.[12] Со оваа Одлука предвидена е цена на чинење на услуга за привремен престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе, согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга.[13]

Во насока на регулирање на процедурите за постапување со странците, во 2023 година, УНХЦР обезбеди поддршка и ревидирање на **Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца странци и други ранливи категории на лица,** кои беа усвоени на 27 август 2024 година од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Во насока на регулирање на процедурите за постапување со странците, во 2023 и 2024 година УНХЦР обезбеди поддршка за изготвување на **Стандардни оперативни процедури за постапување со лица кои патуваат во мешани миграциски движења** и **СОП за сместување на странци, баратели на азил и мигранти во Прифатен центар за странци**. Овие два документи се очекува да бидат усвоени во наредниот период. Воедно во соработка со Основниот суд во Гевгелија, УНХЦР поддржанизработка на **Процедури за постапување на јавните обвинители и судот во случаи на лица кои патуваат во мешани миграциски движења,** чија постапка за усвојување е во тек.

Во тек се измени на Законот за бесплатна правна помош, каде во работната група членуваат претставници од Македонското здружение на млади правници (МЗМП), кои се залагаат за зајакнување на пристапот до правда на жртви на трговија со луѓе, посебно на децата.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, на 13.05.2024 година донесе **Одлука за формирање на Група за застапување на преживеани лица – жртви од трговија со луѓе**[14]. Со оваа Одлука се воспостави независна Група како поддршка на Комисијата во процесот на креирање на ефикасен, инклузивен и сеопфатен национален одговор на трговијата со луѓе. Групата има за цел да обезбеди директно учество на преживеани лица во креирањето на политики, механизми и

[11]Службен весник на РСМ, бр. 91/21.
[12]https://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx.
[13]Службен весник на Република Северна Македонија бр.264/19.
[14] Во согласност со Заклучокот бр. 2 од состанокот на одржан на 30.06.2023 година,

активности кои се однесуваат на нивната заштита, помош и ресоцијализација. Групата се состои од три членови – преживеани лица од трговија со луѓе, предложени од Здружението на граѓани против насилство и трговија со луѓе „Отворена Порта – Ла Страда“, како и координатор, кој дејствува како контакт лице и учествува по потреба во работата на Комисијата.

Преку оваа Група, се овозможува систематско вклучување на искуствата и перспективите на преживеаните во:

- Идентификација на слабости во постоечките механизми за заштита;
- Дефинирање препораки и сугестии при измена или донесување на релевантни закони;
- Давање мислења за стратегии, акциски планови и други програмски документи;
- Учество во подготовка на материјали за сведоштва и други истражувачки алатки;
- Развивање на информативни и едукативни материјали, кампањи, прашалници, студии на случај и петиции;
- Поддршка на активности поврзани со застапување, подигнување на јавната свест и превенција од трговија со луѓе.

Формирањето на оваа Група претставува значаен чекор кон воспоставување на пристап базиран на човекови права и активно учество на засегнатите страни, со фокус на жртвите и нивните потреби. Оваа иницијатива го зацврстува пристапот на Комисијата кон инклузивно, транспарентно и ефективно справување со предизвиците на трговијата со луѓе во Република Северна Македонија.

1.3 МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ И МЕЃУНАРОДНО ВМРЕЖУВАЊЕ

Работната група за Западен Балкан „Западен Балкан TASK FORCE“ беше формирана на Министерската конференција посветена на решавање на предизвиците поврзани со миграцијата во регионот, што се одржа на 7 јуни 2018 година во Сараево. Таа се занимава со прашањата за актуелната состојба на Западен Балкан на полето на илегалната миграција, во однос на размената на разузнавачки податоци во реално време со инволвираните партнери (земји членки на ЕУ, како и трети земји) спроведување на заеднички истраги и заеднички акции, како и примена на принципот на офицери за посета. Состаноците на Работната група се одржуваат континуирано, а од 2018 година. ја води Австрија. Како независна оперативна акција е дел од Оперативниот акциски план на EMPACT, „Криумчарење на мигранти.“

- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** во 2024 година. продолжи со активен придонес во работата на тематските мрежи заедно со други здруженија на граѓани при што зема учество на следнве настани:
  - Од 15-19 април 2024 година, во Скопје, беше домаќин на состанокот на Clean Clothes Campaign и Европската коалиција. На настанот беа присутни повеќе од 70 професионалци од над 20 земји, вклучително и претставници

на синдикати и здруженија на граѓани од Азија и Африка. Оваа средба претставуваше значаен момент за размена на искуства и развој на стратегии за унапредување на работничките права. Главната тема на состанокот беше праведна транзиција во глобалните синџири на снабдување во текстилната и чевларската индустрија. Оваа иницијатива останува во фокусот на кампањата за обезбедување фер плати и подобри работни стандарди.

- Од 24-26 јуни 2024 година во Париз, како членка на европската Ла Страда Интернационална (ЛСИ)[15] учествуваше на настан каде се дискутираа клучни предизвици, вклучувајќи интегрирање на поединци со доживеано искуство од трговија со луѓе во развојот на активности, политики и имплементација на проекти, поддршка за украинските бегалци, европски механизми за упатување, заштита на жртвите во контекст на новите ЕУ политики и улогата на здруженијата на граѓани во правната заштита.
- На 3-ти и 4-ти септември 2024 година, присуствуваше на состанокот на Европското регионално координативно тело на кампањата за чиста облека (ССС) во Хановер, Германија. Клучните теми за кои се разговараше на состанокот вклучуваа активности усогласени со стратегијата за ССС, особено фокусирајќи се на евалуацијата на улогата и ефективноста на европскиот координатор.
- Од 15-18 октомври 2024 година, учествуваше на 30-годишнината на Глобалната алијанса против трговијата со жени (GAATW),[16] која се одржа во Бангкок. На настанот учествааа експерти, активисти и организации кои ги адресираат трговијата со луѓе, мигрантските права и трудовата експлоатација. Здружението придонесе за дискусиите за пристапите насочени кон преживеаните жртви и ја истакна важноста на правните реформи и системските промени во напорите за борба против трговијата со луѓе.

1.4 Меѓународна соработка

- ***Мониторинг и евалуација на спроведувањето на Конвенцијата на Советот на Европа***

Во 2022 година, се спроведе третиот евалуациски круг за Република Северна Македонија, согласно член 38 (4) од Конвенцијата на Советот на Европа за преземање акција против трговија со луѓе, од страна на тимот на **Експертската група за преземање акција против трговија со луѓе (ГРЕТА)**. Посетата беше од исклучително значење за РСМ бидејќи по остварената посета беше изготвен третиот Извештај за спроведување на Конвенцијата кој

[15]Платформа против трговија со луѓе, која работи од перспектива на човекови права за поддршка на тргуваните лица.

[16]Конференцијата ги прослави трите децении на застапување на GAATW и обезбеди платформа за размена на знаења, размислување за тековните предизвици и стратегии за идни активности во борбата против трговијата со луѓе на глобално ниво.

беше **објавен на 24 март 2023** година.[17] Во 2023 година беше изготвен Акциски план за имплементација на препораките на ГРЕТА 2023-2025г, кој континуирано се ажурира на секои шест месеци.

На 21 јуни 2024 година, во Стразбур, Франција беше одржан 34-от состанок на Комитетот на страните/земји потписнички на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. На состанокот учество зема контакт точката со Советот на Европа од МВР по однос на прашања поврзани со борбата против трговијата со луѓе. На состанокот беа презентирани и усвоени извештаите на групата експерти на ГРЕТА во земјите каде изминатиот период биле спроведени евалуации.

На 29 ноември 2024 година во Стразбур, Франција беше одржан 35-от состанок на Комитетот на страните/земји потписнички на Конвенцијата на Советот на Европа за акција против трговијата со луѓе. На состанокот учество зема контакт точката со Советот на Европа од МВР, по однос на прашања поврзани со борбата против трговијата со луѓе. На состанокот се избраа нови членови на групата експерти за борба против трговија со луѓе – ГРЕТА, а беа презентирани и преземените мерки и активности наведени во спроведените евалуации.

❖ ***Мрежа на Координатори за борба против трговијата со луѓе***

- На 17 мај 2024 година, во рамки на Обуката за обучувачи спроведена на тема: „Дигитални истраги и техники за интервјуирање насочени кон правата на жртвите во постапка“ беше одржан состанок на Националните координатори за борба против трговија со луѓе и претставници на Ударните групи од регионот на Западен Балкан.
- 7 јуни 2024 година, Националните координатори за борба против трговија со луѓе на Југоисточна Европа и нивни претставници го одржаа својот 18-ти состанок во Загреб, Хрватска.[18] Состанокот се фокусираше на презентирање и дискусија за новите политики, трендови и приоритети во борбата против трговијата со луѓе кои се појавија во изминатата година на национално и на ниво на Европската унија (ЕУ).[19]
- На 17 Мај 2024 година, во Будва, Црна Гора, се одржа Годишен состанок на Ударните групи за сузбивање на криумчарење на мигранти и трговија со луѓе од регионот на Западен Балкан и Националните Координатори за борба

[17]http://nacionalnakomisija.gov.mk/wp-content/uploads/2016/12/III-GRETA-report-for-North-Macedonia_MKD.pdf

[18]На состанокот учествуваа дваесет (20) координатори и номинирани претставници за борба против трговијата со луѓе од Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Молдавија, Црна Гора, РСМакедонија, Романија, Србија и Словенија, како и меѓународни експерти.

[19]Состанокот беше организиран од Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на Р. Хрватска, во соработка со МВР на Р.Словенија, како претседавач на Мрежата, и Меѓународниот центар за развој на политики за миграција (ICMPD), како Секретаријат на Мрежата.

против трговија со луѓе.[20] На редовниот состанок присуствуваа Националниот координатор и претставници од Одделот за организиран криминал при МВР, како и претставници од ОЈОГОКК (5ж).

- Од 12-13 септември 2024 година, во Виена, Австрија претставници од Северна Македонија учествуваа на годишен состанок на Национални координатори за борба против трговија со луѓе и други еквивалентни механизми. Состанокот беше организиран и спроведен во заедничка соработка меѓу Советот на Европа и ОБСЕ.
- Комисијата активно учествуваше во процесот за подготовка на новиот **стратешки документ на Мрежата на национални координатори за борба против трговија со луѓе во Југоисточна Европа (NATC SEE).**[21] Овој процес беше иницира од претседателот на Мрежата, Словенија, и ICMPD, бидејќи 2024 година е последна година од тековната стратегија. Како прв чекор, членките на NATC SEE беа поканети да пополнат прашалник, кој се фокусираше на клучни аспекти како што се додадената вредност на Мрежата, стратешките приоритети, спроведувањето на Стратегискиот документ 2020-2024 и операционализација на новата Стратегија.

❖ ***Останати меѓународни активности***

- На 2-3 октомври во Сараево, преку Програмската канцеларија на **Советот на Европа во Скопје**, беше обезбедена поддршка за учество на 15 учесници (4м и 11ж) од РСМ на Регионална конференција за ИКТ и ТЛ (15 од МКД).
- **Канцеларија на Обединети Нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** организираше 5 регионални конференции и обуки за различни тематски прашања поврзани со трговија со луѓе и криумчарење на мигранти како дел од Регионалната иницијатива за трговија со луѓе во Југоисточна Европа. Подолу наведените активности беа спроведени со поддршка од Комисијата:
  - 5-6 март 2024 година, во Кишињев, Молдавија одржана Регионална средба на експертската група со наслов „Спротивставување на трудовата експлоатација и трговијата со луѓе, вклучително и трговија со луѓе предизвикана од миграција поради вооружени конфликти, во Југоисточна Европа.“ На средбата учествуваа Националниот координатор и Обвинител од РСМ (2ж);
  - 08-09 мај 2024 година во Хрватска, се одржа Регионална експертска конференција (РЕК): „Адресирање на трговијата со луѓе за сексуална експлоатација во Југоисточна Европа - пат напред кон одговор на целото општество.“ На средбата земаа учество (2ж) претставнички од Основен кривичен суд и НВО;

[20]Состанокот е одржав во рамки на Обуката за обучувачи поддржана од проектот на ИОМ „Заеднички активности на земјите од Западен Балкан против криумчарење мигранти – (WBJAST)“ финансиран од Министерство за надворешни работи на Данска.

[21] *Повеќе информации за активностите на Мрежата можете да најдете овде: Network of Anti-Trafficking Coordinators of South-East Europe (NATC SEE) - ICMPD.

- 12-13 јуни 2024 година во Црна Гора се одржа Регионална работилница: „Справување со употребата на современи технологии за овозможување трговија со луѓе и предизвиците поврзани со употребата на дигитални докази во истрагата за трговија со луѓе во Југоисточна Европа," на која учество земаа 2 наши претставници (2м);
- 3-4 октомври 2024 година, во РСМ се одржа Регионална работилница за јавни обвинители од Југоисточна Европа специјализирани за гонење на криумчарење мигранти, трговија со луѓе и поврзани кривични дела: „Унапредување на истрагите и обвиненијата во рамките на глобалната операција LIBERTERRA 2 на ИНТЕРПОЛ". Регионалната работилница беше дел од глобалната операција LIBERTERRA 2 на ИНТЕРПОЛ и обезбеди поддршка на Оперативната координативна единица, која беше воспоставена во Скопје, за време на оперативните денови од 29 септември до 4 октомври 2024 година. Работилницата ги обедини земјите на потекло, транзит и дестинација од поширокиот регион на Југоисточна Европа (ЈИЕ) и Европската Унија (ЕУ), со цел да ги зајакне истрагите отворени за време на предоперативната и оперативната фаза на LIBERTERRA 2 и гонење на осомничените за организиран криминал, вклучително криумчарење мигранти и трговија со луѓе со фокус на сексуална експлоатација. Исто така, се дискутираа истражни и обвинителски пристапи насочени кон жртвите за подобрена заштита. На Работилницата учествуваа 8 лица (3м/5ж) од Основно јавно обвнителство за организиран криминал и корупција и МВР.
- 23 - 24 октомври 2024 година, се одржа Регионална конференција: „Поврзаност помеѓу трговијата со луѓе и миграционите текови, со фокус на криумчарење мигранти во Југоисточна Европа" во Солун, Грција. Работилницата ги обедини земјите на потекло, транзит и дестинација од поширокиот регион на Југоисточна Европа (ЈИЕ) и Европската Унија (ЕУ), со цел да се разгледаат тековните предизвици во справувањето со врските помеѓу трговијата со луѓе и миграционите текови, со посебен акцент на криумчарење мигранти. На работилницата од РСМ учествуваа 2 претставници од МВР (1м/1ж).

- **Меѓународната организација за миграции (ИОМ)** во рамки на проектните активности во текот на 2024 година ги организираше следниве настани:
  - Од 13 до 17 мај, 2024 година, во Будва, Црна Гора, -регионална обука за обучувачи на тема „Дигитални истраги и техники за интервјуирање на жртви на трговија со луѓе."[22]Учесниците се стекнаа со сертификати за тренери, и истите ќе имаат можност да ги пренесат своите знаења на останатите колеги на обука која ќе се организира во текот на 2025 година. Обуката беше поддржана од ИОМ и на истата присуствуваа четворица

[22]Обуката е спроведена во рамки на проектот „Заеднички активности на земјите од Западен Балкан против криумчарење мигранти – (WBJAST)" финансиран од МНР на Данска.

претставници од Одделот за организиран криминал при МВР (2м/2ж), како и претставници од ОЈОГОКК (2ж).

- 18 септември 2024 година во соработка со Амбасадата на Шведска, ИОМ организираше дводневна работилница на тема „Размена на добри пракси и знаења во борбата против трговија со луѓе“ на која учествуваа 25 учесници клучните чинители во борба против трговија со луѓе (17ж/8м). На работилницата учество зема Националната известувачка за трговија со луѓе од Шведска г-ѓа Јана Давидсон.
- На 14 октомври, 2024 година се одржа регионална конференција на тема: „Либерализација на пристапот до пазарот на труд: потенцијали на уредените миграции и превенција од ризиците на трговијата со луѓе.“[23] Фокус на конференцијата беше превенција на трговијата со луѓе и трудовата експлоатација, како и јакнење на заштитата на странските работници кои се соочуваат со ризик од злоупотреба и несоодветни услови за работа. На конференцијата учество земаа 4 претставнички од РСМ.
- 10 декември 2024 година беше организиран еднодневен состанок на тема „Координативен состанок на мобилните тимови за идентификација и упатување на ранливи категории лица вклучително претпоставени и жртви на трговија со луѓе.“[24] На состанокот учество земаа вкупно 25 учесници (16ж/9м), претставниците од петте мобилни тимови и од клучните институции за борба против трговија со луѓе, со цел координирање на теренските активности на практичарите од мобилните тимови во насока на зајакнување на нивната соработка.

- На 14.02.2024 година, претставник на **МЗМП** учествуваше на претсесијата на четвртиот циклус од Универзалниот периодичен преглед на Обединетите нации за РСМ. Се презентираа заклучоците и наодите на МЗМП за лицата без државјанство, бегалците, барателите на азил, мигрантите и лицата кои издржуваат казна затвор. МЗМП ги презентираше своите препораки пред постојаните мисии на државите членки на ОН, а во насока на подобрување на остварувањето на човековите права со преземање конкретни мерки од страна на нашата држава.
- Во текот на 2024 година **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** учествуваше на голем број меѓународни, регионални и национални настани кои нудеа можност за размена на искуства, добри практики, градење на партнерства и споделување експертиза во областа на трговијата со луѓе и миграцијата:

[23]Во рамки на регионалниот проект „Заеднички активности на земјите од Западен Балкан против криумчарење мигранти – (WBJAST)“ финансиран од МНР на Данска во Белград, Србија.

[24]Во рамките на регионалниот проект „Инструмент за зајакнување на капацитетите за интегрирано гранично управување (WBIBM)“ финансиран од МНР на Данска.

- Од 8 - 9 мај 2024 година во Дубровник, Република Хрватска се одржа регионалната конференција на тема **„Адресирање на трговијата со луѓе за сексуална експлоатација во Југоисточна Европа – пат напред кон одговорот на целото општество“ во организација на УНОДЦ**. Здружението учествуваше со превентација која беше дел од Сесија 6: Ефективни одговори и правни лекови за жртви на трговија со луѓе на сексуална експлоатација – механизми за упатување или перспективи на службата за поддршка на жртвите.
- На 14 мај 2024 година здружението учествуваше на вебинарот COPASAH насловен „**Украдено детство: Адресирање на влијанието на раните бракови и родовото насилство врз децата.“**[25] Вебинарот се фокусираше на длабоките ефекти што овие прашања ги имаат врз децата.
- Од 19 - 21 јуни 2024 година во Виентиан, Лаос, учествуваше како експертски говорник на Првата ASEAN (Австралија за борба против трговијата со луѓе) консултација за развој на насоки за превенција и одговор на транснационални детски и присилни бракови. Учесниците вклучуваа претставници од секторските тела земјите-членки на ASEAN, агенциите на ОН и здруженија на граѓани со експертиза за решавање на овие прашања.[26]
- Од 16 - 18 септември 2024 година учествуваше на **Регионалната работилница за трговија со луѓе,** која се одржа со цел да се пренесе знаењето и методологијата за спроведување правна анализа за положбата на жртвите на трговија со луѓе во кривичната постапка. Со вкупно 12 учесници[27] работилницата опфати суштински теми како што се национални механизми за упатување, правни квалификации, стандарди за правично судење и студии на случај.
- На 30 октомври 2024 година во Виена, Австрија учествуваше на конференција во организација на Канцеларијата на ОБСЕ на специјалниот претставник и координатор за борба против трговијата со луѓе на тема „**Адресирање на трговијата со луѓе во малцинските заедници преку зајакнато полициско-јавно партнерство.“**
- На 22 ноември 2024 година во Скопје здружението во соработка со Владата на РСМакедонија, Доброволниот доверителен фонд на ОН за современи форми на ропство организираше тркалезна маса на тема **„Борба против трговијата со деца во РСМакедонија: обезбедување на правата и заштита на децата кои се жртви на трговија.“** Целта беше да се обезбеди форум за размена на ставови и искуства за унапредување на правата и механизмите за заштита на децата кои се жртви на трговија со луѓе. Особено е важна вклученоста на повеќе засегнати страни за

[25]Заедно со претставници од здруженија на граѓани од РСМакедонија, Црна Гора, Романија и Албанија.
[26]Здружението „Отворена порта/Ла Страда“презентираше за успешните практики за време на сесијата „Искуство од прва рака – Слушање на оние кои поминале низ детски и присилни бракови.“
[27]Од здруженија на граѓани во Србија, РСМакедонија и Албанија.

решавање на ова итно прашање и токму затоа учествуваа повеќе од 40 претставници на национални институции.[28]

- Од 24 - 28 ноември, 2024 година здружението учествуваше на регионалната социјална академија[29] **„Унапредување на пристапите засновани на човекови права, социјална инклузија и решавање на децата и младите во ризик во Западен Балкан“** организирана од ИРИС мрежата. Регионалната социјална академија послужи како платформа за дискусија и решавање на клучни прашања преку хоризонтален, интердисциплинарен образовен пристап, промовирајќи социјална инклузија, еднаквост и заштита на човековите права, со посебен акцент на младите во ризик.

Извештајната година беше особено активна на полето на меѓународно вмрежување и борба против трговијата со луѓе. Претставниците од Република Северна Македонија покажаа континуирана заложба за унапредување на националните и регионални политики, со фокус на заштита на жртвите и интерсекторска соработка. Учеството на над 30 меѓународни и регионални настани значително придонесе за размена на добри практики, стратешко планирање и градење на капацитети на национално ниво.

2. ПРЕВЕНЦИЈА

2.1 Идентификување на причини за појава на трговија со луѓе и илегална миграција

- **Мобилни тимови**

Од страна на мобилниот тим во Гевгелија, одржани се две средби на кои учествуваа претставници од локалните заедници, Црвен Крст, Здруженија на граѓани и младински организации. Основна цел беше да се подигне јавната свест и да се едуцира локалното население во поглед на трговијата со луѓе. На двете средби беа вкупно присутни 24 лица (15м/9ж).

Од страна на мобилниот тим во Тетово, во соработка со Црвен Крст, спроведена е активност за подигнување на јавната свест и едукација. На ден 01.11.2024 година, се одржа предавање во СОУ „Гимназија Кирил Пејчиновиќ“ Тетово, со цел информирање на учениците со работата на мобилниот тим во Тетово, начинот на пријавување, каде може да побараат помош доколку имаат

[28]МСПДМ, МВР, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, ОЈОГОКК, Националниот известувач, Комисијата за паричен надоместок, претставници на амбасади и меѓународни организации вклучени во превенцијата и борбата против трговијата со деца.

[29]На академијата учествуваа повеќе од 30 учесници, од здруженија на граѓани, јавни институции и академска заедница од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, РСМакедонија и Србија.

проблеми или сознание дека некое лице е жртва на трговија со луѓе. Дополнително, одржани се информативни средби во две гимназии со педагози и психолози. Вкупен број на учесници на работилницата и на средбите се 39 учесници (ученици, психолози, пегадози).

- Со поддршка на **Програмската Канцеларија на Советот на Европа** во Скопје,[30] беа изработени повеќе материјали во насока на подобрување на превенцијата, идентификацијата и поддршката во борбата против трговијата со луѓе:

  - Легислативна проценка за пристап кон бесплатна правна помош за жртви на трговија со луѓе со препораки.
  - Анализа за проактивни истраги, успешно кривично гонење и пресудување на случаи на трговија со луѓе со фокус врз мигранти.
  - Превенција на трговија со деца за трудова експлоатација, присилен брак и питачење.
  - Преведена и споделена публикација на ГРЕТА за рефлексија и закрепнување.

- **Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал УНОДЦ**, во 2024 година, во соработка со **Академијата за судии и јавни обвинители** и **Центарот за обука на МВР**- Идризово, во заедничка соработка со едукатори/експерти од овие две институции, изработи *Методологија за симулација на истрага и судење* „Симулација на случај на трговија со дете – од идентификација на жртвата до осудување на сторителите.“

- Здружението **„За среќно детство“** учествуваше во изработка на документи.[31]
  - Истражување „Превенција на трговија со деца за трудова експлоатациија.“
  - Прирачник за обучувачи од СОС Детско Село за специјална обука на згрижувачи на деца на трговија со луѓе.

- **Македонското здружение за млади правници (МЗМП)**

  - Во периодот јануари–јуни 2024 година, ја спроведе кампањата „Приватноста е бесценета. Заштити го својот дигитален свет!“. Главната цел на кампањата беше подигнување на свесноста за дигитална безбедност и препознавање на онлајн ризици, особено кај младите како најзасегната група. Овие активности имаат директен придонес кон превенција на трговија со луѓе преку зајакнување на дигиталната свесност и заштита кај младите. Кампањата адресираше ризици од онлајн експлоатација и злоупотреба на лични податоци – чести начини за регрутација и манипулација од страна на трговците со луѓе. Клучните активности вклучуваа: едукација преку работилници за средношколци (172 учесници) и студенти по право (14 учесници), интерактивни објави за социјалните медиуми и герила акции.

[30]Во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе„

[31]Поддржан од Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје.

- На 18.10.2024 година, МЗМП преку објава на социјалните медиуми го одбележа Европскиот ден на борбата против трговијата со луѓе.[32]

На ден 29.11.2024 година, МЗМП извести за објавена пресуда за случај со трговија со дете од страна на Основниот кривичен суд во Скопје. Во конкретниот случај, 9 лица беа осудени на вкупно 47 години затвор. Жртвата доби имотноправно побарување, највисоко досега во нашата земја. Сепак, изречените казни не ја одразуваат сериозноста на делото, ризиците за децата и не ја исполнуваат превентивната цел. Превенцијата почнува со строги санкции и поддршка на жртвите.[33]

- Во текот на 2024 година **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** ги изработи следниве анализи, прирачници истражувања и други материјали:
  - **Онлајн анкета** со 149 млади, со цел да ја процени јавната свест за трговијата со луѓе кај младите во РСМакедонија. Анализата го прикажа нивото на знаење на младите за овој проблем, механизмите за пријавување и заштита врз која беа изготвени клучни препораки за зајакнување на свесноста и капацитетите на младите за препознавање и превенција на трговијата со луѓе.
  - **Мониторинг извештај:** Преглед на политики и практики во борбата против трговија со луѓе, петто издание подготвено за период 2022-2023 година. Овој извештај ги презентира клучните наоди од анализата на собраните податоци врз основа на индикатори кои се поделени во седум области: промени во законодавството и политиката, идентификација на жртви, истрага и судска постапка, поддршка на жртвите, заштита, обештетување и институционална рамка и соработка.
  - **Информации за земјата (Country Brief)** изготвен од здружението во септември 2024 година, и во кој се прикажани постојаните прашања на трговијата со луѓе во РСМакедонија, нагласувајќи ја внатрешната трговија со луѓе и зголемената ранливост на децата и маргинализираните групи.
  - **Извештај од проценка на потребите: реинтеграција на жртви на трговија со луѓе.** Целта на проценатa е да се испита какви услуги за реинтеграција се достапни во моментов и какви се потребите на жртвите на трговија со луѓе. Проценатa ќе помогне да се утврди дали постојат пречки во пристапот до овие услуги и кои се тие пречки, но исто така, ќе се дефинира каква помош и поддршка е потребна за давателите на услуги за да можат ефективно да ги поддржат жртвите на трговија со луѓе.

[32]Линк за пристап: https://shorturl.at/4EzSU
[33]Линк за пристап: https://shorturl.at/kLMBN

2.2 Јакнење на капацитетите на стручните и надлежните служби

- Во тековната 2024 година, **130 полициски службеници** (28ж/102м)[34] од **МВР**/Бирото за јавна безбедност при МВР учествуваа на 38 настани, стручни усовршувања, состаноци, конференции, работилници од областа на трговијата со луѓе и илегалната миграција.
  Во Центарот за обука при МВР, согласно програмата за основна обука за полицаец, предвидени се и реализирани 6 часа на тема „Трговија со луѓе“ при што **497 кандидати** (376м и 121ж) ја завршија обуката за трговија со луѓе.

- **Државните инспектори за труд (ДИТ)** во тековната година земаа учество на повеќе обуки, семинари и работилници на тема трговија со луѓе:
  - 19 - 21 февруари во Струмица, Пилот обука за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација.[35] На обуката учество зедоа 14 инспектори (11ж и 3м) од Државниот инспекторат за труд.
  - 27 мај 2024 година во Скопје, Конференцијата за превенција на трговија со деца со цел трудова експлоатација, питачење и присилни малолетнички бракови, на која учествуваше 1ж.[36]
  - 16 и 17 септември во Будва, Црна Гора беше одржана Регионална конференција на тема “Human Rights Due Diligence: Building Ethical Supply Chains to Combat Human Trafficking for Labour Exploitation” организирана од Канцеларијата на Специјалниот Претставник и Координатор на ОБСЕ за борба против трговија со луѓе со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје на која учествуваше 1ж.
  - 2 и 3 октомври во Сараево беше одржана Регионална конференција за ИКТ и неговата употреба и злоупотреба во случаите на трговијата со луѓе,[37] на која онлајн учествуваше 1ж,
  - 22 ноември во Скопје беше одржана Тркалезна маса насловена „Борба против трговијата со деца во РСМакедонија: Обезбедување права и заштита на децата жртви на трговија со луѓе“[38]на која учествуваше 1 претставничка (ж),
  - 27 ноември во Скопје беше одржана Работната дискусијата на тема: „Првична проценка и анализа на актуелните пристапи за превенција на трговија со луѓе со предлог нови методи на превенција“ во организација на Народниот правобранител - Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на која учествуваше 1 претсатвничка (ж).

---

[34]НЕСКМТЛ, ОГРМ и Регионалните центри за гранични работи, Секторите за внатрешни работи, Секторот за меѓународна полициска соработка.

[35]Организирана од проектот на Советот на Европа „Зајакнување на активностите против трговијата со луѓе во РСМакедонија.“

[36]Организирана од проектот на Советот на Европа „Зајакнување на активностите против трговијата со луѓе во РСМакедонија.“

[37]Организирана преку Хоризонталниот инструмент на Советот на Европа и Европската Унија III, односно проектите за јакнење на активностите против трговија со луѓе на РСМакедонија, Србија и БиХ.

[38]Овој настан беше организиран во партнерство со Владите на РСМакедонија и Австралија, the United Nations Voluntary Trust Fund on Contemporary Forms of Slavery и Здружението „Отворена порта/Ла Страда“.

- **ЈЗУ Институт за јавно здравје на РСМ** активно се вклучи во јакнење на капацитетите на здравствените работници во борбата против трговијата со луѓе/деца, во насока на навремено информирање и едукација на здравствените работници за препознавање и соодветно упатување на претпоставени жртви на трговија со луѓе.

  Во извештајниот период во соработка со Министерството за здравство и Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ беа спроведени три обуки:[39]
  - на 28 февруари во Струмица на која учествуваа 9 лица (7ж/2м),
  - на 28 мај во Скопје на која учество земаа 13 лица (12ж/1м) и
  - на 19 септември во Битола на која учествуваа 16 лица (10ж/6м).

  Обуките се фокусираа на подобрување на способноста за идентификување и ефективно упатување на жртвите на трговија со луѓе, индикаторите за трговија со луѓе за здравствени работници, правната рамка за трговијата со луѓе во РСМ, различните форми на трговија со луѓе и специфичните потреби на жртвите.

- Преку **Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје**, во рамки на Проект на ЕУ и Совет на Европа Хоризонтален инструмент 3 „Јакнење на активностите против трговија со луѓе,“ беа организирани повеќе активности и обуки:
  - 25 јануари, Скопје беше одржана специјализирана сесија за трговија со луѓе и азил за адвокати во рамки на обука за обучувачи за бесплатна правна помош на која учество земаа 29 учесници (11м и 18ж);
  - 19 до 21 февруари, Струмица беше одржана напредна обука, „Пилот обука за трговија со луѓе со цел трудова експлоатација, “наменета за трудови инспектори, полицајци, социјални работници и Здруженија на граѓани на која учество земаа 30 учесници (13м и 17ж).[40]
  - 21 до 22 мај, Струмица беше одржана основна „Обука за најдобар интерес на детето“ наменета за полиција, социјални работници, адвокати и Здруженија на граѓани на која учество земаа вкупно 37 учесници (11м и 26ж).[41]
  - 29 мај, Струмица беше одржана основна „Обука за родово-сензитивно и насочено информирање и известување за трговија со луѓе,“ наменето за комуникациски офицери на МВР, ЈОГОКК и новинари на која учество земаа вкупно 12 учесници (2м и 10ж).[42]

---

[39]На обуките учествуваа учесници од различни профили доктори на медицина, дентална медицина, специјалисти од јавно здравство, хирурзи, гинеколози, медицински сестри, патронажни сестри вработени во: здравствени домови, општи болници, клиничка болница, ЦЈЗ, ИЈЗ и служба за брза помош.

[40]Оперативно и средно раководно ниво, тестирање на знаење пред и по обуката-80% подобрено знаење, учесници претсавници од МВР-НЕСКМТЛ, СВР-Струмица, Куманово, МВР Одд. за крвни деликти и родово насилство, ЦСР: Скопје, Битола и Гевгелија, Гранична полиција, МВР одд за азил„Отворена порта/Ла Страда“, МЗМП.

[41]Оперативно и средно раководно ниво-самоевалуација, 67% подобрено знаење, МВР-ЕСКМТЛ, МВР Одд. за крвни деликти и родово насилство, ЦСР : Скопје, Битола, „Отворена порта/Ла Страда“, МЗМП.

[42]Оперативно и средно раководно ниво, самоевалуација 87% покачено знаење.

- 8 октомври, Скопје беше одржана специјализирана обука „Пристап кон бесплатна правна помош и државен надомест на штета“ на Координативното тело за пристап кон бесплатна правна помош, на која учество земаа вкупно 42 учесници (13м и 29ж).[43]
- 7 ноември, Скопје беше одржана специјализирана обука„Работилница за квалитетна правна помош за адвокати и Здруженија на граѓани,“ на која учество земаа 18 учесници (4м/14ж).[44]
- 7 ноември, Скопје беше одржана основна обука, „Работилница за пристап и интервјуирање на жртви на трговија со луѓе сензитивни на траума“ за адвокати и Здруженија на граѓани на која учествуваа 9 лица (3м/6ж).[45]

➢ **Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал (УНОДЦ)** во рамките на проектот „ОН Ставање крај на неказнивоста на трговците со луѓе и поддршка на правдата за жртвите на трговија со луѓе во Југоисточна Европа (ЈИЕ)“ реализираше неколку активности и тоа:

- 6-8 февруари 2024 година, во Белград Србија, се спроведе тридневна регионална симулација на судење на случај на трговија со луѓе. Тридневната работилница ги обедини претставниците на кривично-правната сфера од земјите учеснички во проектот.[46] Под експертското водство на ментори од Белгија и Франција, како и преку тематски придонес од регионални експерти, учесниците ја искористија вежбата за симулиран судски процес за зајакнување и подобрување на прекугранични истраги, обвинениија и пресуди во случаи на трговија со луѓе, како и за подобрување на положбата и правата на жртвите во кривичните постапки со прекугранични елементи. На Симулациската вежба од РСМ учествуваа 3ж.[47]
- 28 и 29 март 2024 година, УНОДЦ одржа две онлајн сесии преку платформата KNOWTS, како продолжение на националните обуки за симулиран судски процес одржани во јуни и октомври 2023г. Целта на сесиите беше да се добијат сознанија односно да се соберат повратни информации од учесниците за влијанието, резултатите и преостанатите потреби по националните симулирани судски процеси за истражување и гонење случаи на трговија со луѓе. Врз основа на средбите беше подготвен извештај со идентификувани предизвици и препораки. На онлајн сесиите присуствуваа 25 претставници од НЕСКМТЛ, Академијата за судии и јавни обвинители, МСПДМ, МВР, ОЈОГОКК, Основниот кривичен суд, Апелациониот суд, мобилни тимови и здруженија на граѓани, (15ж/10м).
- 07 – 10 октомври 2024 година, во Струга, во соработка со **Академијата за судии и јавни обвинители** и **Центарот за обука на МВР** - Идризово

[43]Оперативно и средно раководно ниво, подрачни единици на Мин. за правда, МЗМП, „Отворена порта/Ла Страда“, Маргини, Адвокатска комора.
[44]Оперативно ниво, високо раководно ниво (Адвокатска комора, МЗМП, „Отворена порта/Ла Страда“).
[45]Оперативно ниво (Адвокатска комора, МЗМП).
[46](Албанија, Молдавија, Црна Гора, РСМакедонија и Србија).
[47]Основен кривичен суд- Скопје, ОЈОзаГОКК, МВР-ЕТЛКМ. Вкупно 40 учесници на настанот.

согласно изготвената Методологија, спроведе тридневна *„Симулација на судење на случај на трговија со луѓе.“*[48] Симулацијата беше во насока на подобрување на идентификацијата, гонењето и пресудувањето на предметите како и надградба на капацитетите на истражните органи и судовите и подобрување на положбата и правата на жртвите. Со вклучување на едукатори од наведените институции, кои ќе бидат контакт точки за трговијата со луѓе, и ќе пренесуваат знаењата на идните кандидати, обезбедувајќи долгорочна одржливост на знаењето и ресурсите во РСМакедонија. На симулацијата учествуваа 27 лица (7м/20ж).

- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ ги** спроведе следниве активности:
  - основна Обука за употреба на вештачката интелигенција (2-3 септември 2024 година, во Маврово). Обуката беше насочена кон практичната примена на вештачката интелигенција (ВИ), управувањето со податоци и сајбер безбедноста, наменета за здруженија на граѓани со експертиза во области како што се владеење на правото, антидискриминација, човекови права и родови прашања, кои се дел од Националната платформа за превенција и борба против трговијата со луѓе. На обуката учествуваа 15 лица (10ж и 5м).
  - Од 23 - 25 декември 2024 година, се одржа Годишното собрание на Отворена Порта, со фокус на преглед на постигнатото и дефинирање на следните чекори во застапувањето, превенцијата и поддршката на жртвите на трговија со луѓе, на кое учествуваа 15 лица (4м/11ж).[49] На настанот беа презентирани „Мониторинг извештајот: Преглед на политики и практики во борбата против трговијата со луѓе,“петто издание за периодот 2022-2023, како и „Извештајот за проценка на потребите: реинтеграција на жртви на трговија со луѓе,“ во кои сите учесници дадоа свој придонес со коментари и препораки.
  - На 16 февруари 2024 година, во Скопје беше одржана работилница за групна супервизија за 11 (жени) претставници на персоналот на прифатилиштето. Работилницата беше фокусирана на подобрување на професионалните вештини, подобрување на поддршката за менталното здравје и усовршување на практиките за управување со случаи во групата.

- **ИЦМПД** го спроведува регионалниот проект „Поддршка на Западен Балкан за целно операционализирање на враќањата на државјани на трети земји“[50] – WBRM, во кој учествуваше и нашата земја. Во рамки на проектот, на 22 и 23

[48]Учество земаа судии, обвинители, инспектори/полициски службеници, социјални работници и претставници на здруженија на граѓани.

[49]Учесници на годишното собрание беа претставници од Комисијата, релевантните институции, мобилните тимови за идентификација и оперативниот тим за формална идентификација.

[50]Финансиран од Министерството за правда и безбедност на Холандија, проектот има за цел да ги зајакне капацитетите на Западен Балкан за управување со операции за враќање и реадмисија на државјани од трети земји, со крајна цел тие да добијат целосна сопственост врз овие активности. Проектот ќе трае до 30 јуни 2025г, со клучни партнери како Европската комисија, Заедничката координативна платформа (JCP), Фронтекс и земјите-членки на ЕУ.

мај 2024 година, беше организирана студиска посета на Холандија со делегации од Босна и Херцеговина и РСМ (1м/2ж).[51] Учесниците ја посетија холандската служба за враќање и заминување, каде што беа дискутирани улогите, одговорностите и најдобрите практики за соработка со земјите на потекло. Посетата беше фокусирана на разгледување на механизмите за враќање и стекнување вредни искуства кои ќе можат да се применат во земјите на Западен Балкан.

- Здружението **„За среќно детство“** се вклучи со поддршка во улога на обучувач, во обуки поддржани од повеќе организации:
  - Обуки во организација на ИОМ на кои беа обучени 55 лица (50м/5ж) од МВР. Спроведени беа основни обуки за гранични полицајци за хуманитарно гранично управување со родово сензитивен и пристап заснован на права.[52] На 09 и 12 април 2024 година во Дојран беше спроведена „Обука за трговија со луѓе и стандардни оперативни процедури (СОП) за справување со мигранти во ранливи ситуации.[53]
  - Обуки во организација на Совет на Европа на кои беа обучени 18 лица (14ж/4м). Работилница за Мрежата на адвокати и НВО кои обезбедуваат бесплатна правна помош за жртви на трговија со луѓе, со практична студија на случаи од домашното право и Европскиот суд за човекови права. Пристап до бесплатна правна помош и надоместок за неправдите што ги претрпеле жртвите на трговија со луѓе. Комуникација информирана од траума со жртвите на трговија со луѓе и водење на интервју. Вежба за водење интервју со жртва на трговија со луѓе. Адвокати кои обезбедуваат бесплатна правна помош, Членови на Адвокатска Комора на РСМакедонија, НВО.

- **ГИЗ** во рамки на Проектот ЕУ4ФАСТ поддржува истраги водени од ОЈО ГОКК против организирани криминални групи кои се баваат со криумчарење на мигранти и трговија со луѓе.[54]Поддршката на истрагите се состои пред се во давење совет и поддржување на напорите за меѓународна соработка во борбата против трговија со луѓе и криумчарење на мигранти. Во таа насока одржани се повеќе активности:
  - 12-14 јуни 2024 година во Крушево беше одржана Работилница за зајакнување на имплементацијата на ревидираните национални Стандардни оперативни процедури за подобрена идентификација и упатување на жртвите на трговија со луѓе организирана во соработка со Комисијата и Здружението „Отворена порта/Ла Страда“. На работилницата учествуваа вкупно 29 учесници, (21м/8ж).[55]

[51]Тројца преставници на одделот за гранични работи и миграции, кои се контакт точки за проектот.
[52]41% точни одговори пред обуката и 63% по обуката (22% зголемување на знаењето на присутните).
[53]48% точни одговори пред и 69% после тренинг (21% зголемување, соодветно).
[54]За таа цел проектот има поставено резидент експерти во ОЈО ГОКК (Обвинителски експерт Аленка Ранзигер од Словенија) и МВР (полициски експерт Фабиен Талага од Франција).
[55] Претставници на Канцеларијата на Националниот Координатор, МВР, ОЈО за ГОКК, МСПДМ, ИЈЗ, ДИТ, БРО, Мобилните Тимови, МЗМП, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“.

- 19 ноември 2024 година, во Скопје беше одржана Работилница посветена на Идентификација на жртвите на трговија со луѓе во прва линија и како да се постапи понатаму во соработка со НЕСКМТЛ/Таск Форс и Здружението „Отворена порта/Ла Страда“. Целта на работилницата беше размена помеѓу надлежните Јавни обвинители и полициски службеници инволвирани во борбата на трговија со луѓе, а учествуваа 37 учесници (27м/10ж).[56]

- **Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев,“** во тековната 2024 година, во соработка со неколку проекти организираше настани од областа на трговија со луѓе и илегална миграција на следните теми:
  - „Симулација на судење во случај на трговија со луѓе“ на кои присуствуваа вкупно 30 учесници[57] (22ж/8м).
  - „Меѓународна заштита на бегалци“ – работилница на која присуствуваа 19 учесници[58] (14ж/5м).

- Во 2024 година, **УНХЦР** го поддржа МСПДМ да ги спроведе следниве активности:
  - Развој на онлајн тренинг модул за ревидираните Стандардни оперативни процедури за постапување со деца без придружба и ранливи странци и поставување на истиот на електронска платформа за далечинско учење од Институтот за социјални работи.
  - Развој на дигитална скратена „џебна“ верзија на СОП - Стандардни оперативни процедури за постапување со деца без придружба и ранливи странци. Истата верзија е подготвена и за печатење за дистрибуција меѓу полициски службеници и социјални работници со цел да се олесни нивниот пристап до конкретна информација или чекор кој им е потребен за постапување на терен.
  - Организирање на обуки за полициски службеници и социјални работници за новите Стандардни оперативни процедури за постапување со деца без придружба и ранливи странци со подготвување на програма, агенда, и логистичка организација на настаните кои беа одржани во четири градови каде беа обучени 68лица (Скопје,[59] Охрид,[60] Гевгелија,[61] и Штип[62]).
  - Обуки за оценување и утврдување на најдобриот интерес на деца. Целта на обуката беше промоција на специфични концепти и вештини за утврдување на најдобриот интерес на детето, како и обуката на учесниците

[56]Претставници на 8те СВР, НЕСКМТЛ/Таск Форс, ЦСР, Скопје и „Отворена порта/Ла Страда“.
[57]Од кои 4 судии, 3 јавни обвинители, 2 стручни соработници, 5 од МВР и 16 од други институции.
[58]16 судии и 3 стручни соработници.
[59]26 ноември Скопје , вкупно 17 учесници: 5 стручни работници од ЦСР на град Скопје, ЦСР Крива Паланка, ЦСР Кратово, ЦСР Демир Хисар, ЦСР Крушево, 2 стручни работници од ЈУ за сместување лица баратели на право на азил и 10 претставници од МВР.
[60]29 ноември Охрид, вкупно 14 учесници: 5 стручни работници од ЦСР Охрид, ЦСР Струга, ЦСР Кичево, ЦСР Македонски Брод, ЦСР Ресен, 10 од МВР.
[61]4 декември , Гевгелија, вкупно 19 учесници: 7 стручни работници од ЦСР Гевгелија, ЦСР Валандово, ЦСР Радовиш, ЦСР Кавадарци, ЦСР Неготино, 1 претставник од „ПТЦ „Винојуг „ еден од УНХЦР и 10 од МВР.
[62]11 декември , Штип, вкупно 18 учесници: 8 стручни работници од : ЦСР Штип, ЦСР Пробиштип, ЦСР Делчево, ЦСР Кочани, ЦСР Виница. ЦСР Свети Николе, ЦСР Куманово и 10 претставници од МВР.

за прашања специфични за заштитата на деца од Законот за правда на деца. Обуките беа спроведени од Завод за социјални дејности во соработка со ACJO. Првата обука беше одржана на 12.11.2024 година, со учество на 13 учесници[63] (6м/7ж), втора обука на 21.11.2024 година, со учество на 17 учесници[64] (7м/10ж) и трета обука на 13.12.2024 година, со учество на 25 учесници (9ж/16м).[65]

Во насока на јакнење на капацитетите на професионалците кои работат во оваа област, спроведени се обуки и зајакнати капацитети на повеќе од 1203 лица од кои 478 жени и 725 мажи.

2.3 Подигање на јавната свест и едукација

- **30 -ти јули – Светски ден за борба против трговија со луѓе**

По повод одбележување на Светски ден за борба против троговија со луѓе – 30 јули, Комисијата се приклучи кон кампањата[66] на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (УНОДЦ) под мотото „Ниту едно дете да не биде оставено само во борбата против трговијата со луѓе.“[67]Кампањата повикува на итна и сеопфатна акција која што е од суштинско значење за заштита на ранливите групи од експлоатација и поддршка на децата жртви на трговија со луѓе.

Во рамки на кампањата беа подготвени сет на алатки за социјалните медиуми вклучувајќи клучни пораки, видеа и визуелни слики на материјали кои беа споделени со партнерите и на социјалните медиуми, со цел да се подигне свеста за трговија со луѓе. Пораката која се праќа е во насока на подобрување на напорите за имплементација на Протоколот за трговија со луѓе кон Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал, вклучително и преку зајакнување на националните рамки за идентификација и заштита на жртвите на трговија со луѓе, особено за време на кризи.

Комисијата ги повика сите партнери – институции, организации и здруженија на граѓани – да се приклучат и да ја поддржат иницијативата, со цел зајакнување на напорите за спречување на трговијата со луѓе и подобра заштита на жртвите.

- Во пресрет на Светскиот ден против трговијата со луѓе, МЗМП презеде активности со кои ја потенцираше важноста за решавање на предизвиците и

[63]Претставници од МВР(8), Прифатно транзитен центар Винојуг (2), МСПДМ (1) и ЈУ МЦСР Скопје (2).
[64] Претставници од Народен Правобранител (8), УНХЦР (2), МЗМП (2),Црвен Крст (1) , МСПДМ (1).
[65]Судии, обвинители , адвокати.
[66]РСМ преку МВР и Комисијата, за прв пат во 2021г. се приклучи кон кампањата „Сино срце“ подржувајќи ја глобалната кампања наменета за борба против трговија со луѓе на УНОДЦ.
[67]30 јули Европски ден за борба против трговија со луѓе - Национална Комисија.

повика на акција за ставање #Крајнатрговијатасолуѓе,[68] преку серија на објави на социјалните мрежи за зајакнување на свесноста за децата жртви на трговија со луѓе и нејзините појавни облици како: принудна работа, просење, незаконско посвојување, регругрирање во вооружени групи и сексуална експлоатација.[69]

❖ **Европски ден за борба против трговија со луѓе (18ти октомври)**

По тој повод, а во насока на зајакнување и подобрување на размената на информации во областа на трговија со луѓе и криумчарење мигранти, МВР со финансиска поддршка на регионалниот ИПА проект ЕУФОРФАСТ и Меѓународната организација за миграции (ИОМ) организираа **Симулациска вежба за размена на информации во реално време за криумчарење мигранти и трговија со луѓе долж Источно-Медитеранската рута.**[70] Настанот се реализираше во пресрет на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе во периодот од 14 до 17 октомври 2024 година во Охрид. Во рамки на вежбата, тимовите[71] разменуваа информации на основа на симулирани сценарија кои постепено добиваа на комплексност. Главното сценарио беше проследено со дебрифинг на кој присуствуваа директорите на полициските служби на земјите учесници, чија основна цел е дефинирање на добри практики и предизвици за области во кои треба дополнително да се работи.

- По повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе, **МВР** преку полициските службеници од **Отсеците за превенција при СВР Велес, Куманово и Струмица**, организираше превентивни активности со цел подигнување на свеста од трговија со луѓе преку едукација на младите и пошироката јавност, имено:
  - Во Велес, СВР Велес во соработка со Црвениот крст Кавадарци одржа едукативна работилница за ученици од основните и средните училишта во Кавадарци. На учениците им беа презентирани формите на трговија со луѓе и начините на заштита, а беа поделени и летоци со едукативна содржина.
  - Во Куманово, СВР Куманово и Општинскиот совет за детско престапништво организираа ликовен натпревар за ученици од Куманово и Старо Нагоричане под мотото „Слободно, безбедно дете.“ Покрај тоа, беше одржана трибина за средношколци, на која беа претставени потенцијалните опасности од трговијата со луѓе и механизмите за рано препознавање и заштита на жртвите.

[68]Линк за пристап : https://shorturl.at/bQUU1
[69]Линк за пристап: https://shorturl.at/jdKZW
[70]18 октомври е Ден на ЕУ за борба против трговијата со луѓе - Национална Комисија.
[71]На вежбата покрај учесниците од РСМакедонија беа поканети и учесници од Молдавија, Турција, Грција, Бугарија, Словенија, Албанија, Србија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина и предвидено беше секоја од нив да има тим од 5 претставници.

- Во Струмица, СВР Струмица во соработка со Црвениот крст организираше информативна кампања на плоштадот „Гоце Делчев“, каде што граѓаните преку разговори и летоци беа информирани за индикаторите на трговијата со луѓе и начините за заштита.

- Во пресрет на Европскиот ден за борба против трговија со луѓе **Министерството за правда** ја промовираше канцеларијата на Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство.[72] Министерот за правда, Игор Филков, истакна дека ова претставува важен исчекор кон обезбедување на подобра заштита на човековите права за жртвите на кривични дела со насилство. Со ставањето во функција на канцеларијата за Комисијата за паричен надоместок на жртви од кривично дело со насилство, се создаваат услови оваа комисија да функционира како независно тело во својство на правно лице.[73]
- **Институтот за јавно здравје** (ИЈЗ) преку Одделот за здравствена превенција и следње на болести го одбележа Европскиот ден за борба против трговија со луѓе со подготовка на стручен материјал кој беше објавен на веб страната на Институтот и социјалните медиуми со цел информирање на граѓаните.[74]
- **Здружението „За среќно детство“** по повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе организираше Оддржана напредна обука за превенција на трговија со луѓе за студенти од завршните години на Институтите на Филозофцкиот факултет.
- **Црвениот крст на РСМ** преку своите општински организации се вклучи во одбележување на Европскиот ден со организирање на 22 работилници за превенција со млади од основни и средни училишта, како и со волонтери од Клубови на млади на Црвениот крст. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита, при што беа опфатени 1043 млади.
- Во рамките на одбележувањето на Европскиот ден за борба против трговијата со луѓе, **Програмската канцеларија на Советот на Европа поддржа**: Премиера на театарска претстава во Прилеп на тема присилни бракови, реализирана со грант доделен на Радио Пела. Воедно организирана е дистрибуција на постери и лифлети против трудова експлоатација, организирана од Конфедерацијата на работодавачи, која воедно даде и изјава за подигнување на свеста за овој проблем.
- **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** го одбележа овој значаен ден со низа активности и повик за акција. Оваа година, во соработка со други здруженија на граѓани, се приклучи и ја поддржа изјавата „Државите, а не

[72] pravda.gov.mk/vest/6762?fbclid=IwZXh0bgNhZW0CMTAAAR3u5mxwQ0FHYVWw6lbWTx4pTJDngyThYs4ngd_kL0y0RbzcthB4N2cVsJs_aem_0sGfy2RYBtSBPyamv9m20A.

[73] https://sitel.com.mk/drzhavata-kje-isplakja-nadomestok-za-zhrtvi-od-nasilstvo

[74] https://www.iph.mk/mk/news/index/1370.

жртвите, сносат одговорност за идентификација на жртвите“ во која ги повикува сите европски земји да ја подобрат раната идентификација и поддршката на жртвите на трговија со луѓе, во тесна соработка со релевантните организации. Во Изјавата се нагласува дека државите, а не жртвите, ја носат одговорноста за идентификување на жртвите на трговија со луѓе, што беше насочено кон европските земји, вклучително и РСМ. Истата ја нагласи обврската на владите да обезбедат рана и точна идентификација на жртвите на трговија со луѓе. Државите имаат јасна одговорност да ги заштитат и поддржат жртвите, а владите, заедно со органите за спроведување на законот, мора да преземат проактивни чекори за да ги информираат жртвите за нивните права и да ја подигнат свеста за знаците на трговија со луѓе.

❖ **Недела за борба против трговија со луѓе**

- Во текот на неделата за борба против трговија со луѓе, **Здружението „Отворена порта/Ла Страда“** спроведе интерактивна работилница со 61 средношколец (44 девојчиња и 17 момчиња), од Прилеп од четири средни училишта,[75] со кои беше дискутирано за последиците од детските и принудните бракови, кои негативно влијаат врз физичкото и менталното здравје, ги ограничуваат образовните и економските можности и ја нарушуваат иднината на младите. Препознавање и заштита од трговија со луѓе, која често е поврзана со принудните бракови. Значењето на образованието, како клучен начин за личен раст, економска независност и придонес во општеството. Преку едукација, поддршка и заедничка акција, можеме да ставиме крај на детските и принудните бракови, ослободувајќи ги жените и девојчињата од овој циклус на насилство и неправда.
  Дополнително, во текот на овој период Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ го промовираше новото видео За Свет каде децата не се предмет, преку кое ја потсетува јавноста и државните институции дека не смеат да бидат рамнодушни на фактот дека децата, пред се од ромската популација, се експлоатирани и живеат под тешки експлоататорски околности, вклучително и практики како што се питачење, принудни бракови итн.
- Во текот на декември, **Здружението „За среќно детство“** организираше активности со тимови од студенти на пет клучни крстосници во Скопје, со цел да ги идентификуваат децата кои се на улица и кои може да бидат претпоставени жртви на трговија со деца со цел трудова експлоатација.
- Во рамките на активностите на **Програмската канцеларија на Советот на Европа**, Радио Пела, како грантист, одржа прес конференција на која беше презентиран проектот посветен на превенција и подигнување на свеста за присилни бракови. Овој проект вклучува и пуштање на радио драма, која ќе се емитува во етарот и ќе ги третира проблемите поврзани со оваа сериозна

[75] С.О.У „Ѓорче Петров“, С.О.У „Орде Чопела“, СОУ „Ристе Ристески Ричко“ и СОЕПТУ „Кузман Јосифовски Питу“

општествена тема. Радио драмата, која ќе биде достапна за широката јавност, има за цел да ги едуцира слушателите и да ги поттикне на размислување за опасностите и последиците од присилните бракови. Програмата ќе биде достапна и преку интернет и други платформи, благодарение на напредните технологии за комуникација (ИКТ), што ќе овозможи проширена достапност и до помалку достапните региони. Прес конференцијата исто така опфати и дискусија за важноста на медиумите во борбата против оваа форма на насилство, како и улогата на новите технологии и ИКТ во мобилизирање на јавноста за ваквите социјални прашања.

❖ **Останати превентивни активности**

➢ Здружението **„Отворена порта/Ла Страда“** во текот на својата работа спроведува и директна работа со децата под ризик, преку посета на училиштата, универзитети и одржување превентивни работилници, форум театри, врсничка едукација, дистрибуција на превентивно едукативен материјал, кампањи, превентивни и едукативни активности помеѓу ранливата популација во училиштата и останатите институции, подобрувајќи го нивното знаење, вештини и способности. Во таа насока спроведе:

- **Седум работилници**[76] насочени кон зголемување на свеста на децата и нивните родители, особено маргинализираните и на улица, за опасностите од трговијата со луѓе. Со подобрување на нивното знаење и разбирање, **182 учесници** сега се подобро опремени да се заштитат себеси и другите од експлоатација, придонесувајќи за побезбедна и по информирана заедница.
- Четири **Интерактивни театарски форуми** се спроведени во соработка со општините Кисела Вода, Куманово и Гази Баба, кои се фокусираа на онлајн експлоатација, сајбер насилство и градење на отпорност на заедницата. Настаните привлекоа учество од над 600 ученици, како и наставници и претставници од локалната самоуправа од основните училишта во општините.
- **Младински активизам**-Ангажирање и обука на 16 младински активисти/ практиканти (3м и 13ж) кои имаа можност да стекнатзнаење, едукација и градење на сопствени капацитети. Тројца од нив беа меѓународни практиканти, една од Унгарија и двајца од Чешка, кои имаа можност да ја осознаат работата на организацијата и да бидатдел од програмите и активностите кои ги спроведува здружението. Преку различни едукативни активности, работилници и дискусии, Младинскиот клуб има за цел да ги зајакне своите членови со потребните вештини и алатки за подигање на свеста за трговијата со луѓе во нивните заедници.
- **Новогодишен базар** - одржан во Скопје Сити Мол од 15-ти до 20-ти декември, на настанот беа изложени производи изработени од барателите на азил за време на арт терапиите и креативни работилници кои континуирано се спроведуваа во текот на годината во рамки на

[76] Во Штип, Куманово, Битола, Кочани, Скопје, Прилеп, Штип, Гевгелија.

Прифатниот центар за баратели на азил Визбегово. Оваа значајна пригода привлече учество и на националните и на меѓународните чинители но и на поширокаta заедница. Примарната цел на настанот, покрај изложбата и продажбата на рачно изработени производи, беше подигање на јавната свест и намалување на стигмата околу бегалците и барателите на азил во нашата држава, поттикнувајќи чувство на единство и солидарност.

- **Светскиот ден на бегалците** беше одбележан на 20ти јуни 2024 година, преку организирање на пинг-понг турнир на кој присуствуваа повеќе од 40 учесници меѓу кои претставници од МСПДМ, ЦСР, меѓународни организации, здруженија на граѓани и баратели на азил. Настанот ја нагласи солидарноста кон бегалците и барателите на азил како и придонесе кон зајакнувањето на соработката меѓу клучните засегнати страни во поддршката на овие лица.
- **Обезбедување на помош и поддршка на украинската заедница** кои пристигнаа во нашата држава по почетокот на војната во Украина. Во соработка со локална невладина организација, здружението дистрибуираше хуманитарни пакети со храна, облека и обувки на 25 семејства, обезбеди психосоцијална поддршка, вклучително и психолошко советување.
- **Кампања за „Одбележување две години поддршка за украинските бегалци во Северна Македонија“** беше спроведена на 26 март со организирање настан[77] во чест на две години континуирана поддршка и солидарност со украинската заедница во РСМ. Настанот беше посетен од околу 40 гости, вклучително и претставници од различни амбасади, национални и меѓународни чинители, агенции на ОН, национални здруженија на граѓани, владини институции како и претставници од украинската заедница. На присутните им беа премиерно прикажани две видеа, едното со сведоштва на украинските бегалци, и другото со организациите кои обезбедија витална помош и поддршка на украинската заедница. Присутните имаа можност да се вклучат во уметничка работилница за изразување на солидарноста и да напишат пораки за поддршка до украинската заедница кои беа заеднички изложени.
- Спроведе **обука за комуникација и застапување со цел засилување на гласот на преживеаните во развојот на политики**. Со цел формирање на неформална група за застапување на преживеани од трговија со луѓе, активно учество имаа и две преживеани жени, од трговија со луѓе, кои успешно го поминале процесот на реинтеграција. Дополнително, беа продуцирани две видеа со активно учество на преживеаните, со што се зајакнаа напорите за подигање на свеста и застапување.

- **Црвениот крст на РСМ,** преку Црвениот крст на град Скопје и 28 општински организации на Црвениот крст во земјата, спроведоа врснички едукации со млади за превенција од трговија со луѓе. Во текот на годината одржани се

[77]Во рамките на проект финансиран од Амбасадата на САД.

вкупно 57 работилница со кои се опфатени 1.697 млади од основни и средни училишта.

- Во рамките на проектните активности на **Програмската канцеларија на Советот на Европа**, беа реализирани низа активности со цел подигнување на јавната свест за важни општествени прашања, како што се присилни бракови и трудова експлоатација.
  - **Подигање на свест против присилни бракови:** Грантистот Радио Пела организираше театарски претстави во Прилеп, Крушево, Центар за деца со попреченост, Кривогаштани и Долнени (октомври-декември), како и емитување на радио драма која се фокусира на оваа тема.
  - **Подигнување на свеста за трудова експлоатација:** Грантистот Бизнис конфедерација на работодавачи спроведе кампања со изработка на преку 7 постери, 3 водичи, лифлети и брошури, кои ги објаснуваат последиците од трудовата експлоатација. Особено значајна беше кампањата на социјалните мрежи и изработката на лифлет за работниците на турски јазик.
  - **Сесија за средношколци за ризикот од трудова експлоатација:** Во рамките на Меѓународниот ден на човекови права беше организирана сесија за средношколците, со цел подигање на свеста за ризиците од трудова експлоатација.
  - **Илустрирани стрипови за млади за ризикот од трудова експлоатација:** Создадени беа стрипови на македонски и англиски јазик, кои на интересен начин ги информираат младите за опасностите од трудова експлоатација.
  - **Информативни материјали наменети за Комисијата за надомест на штета од државата:** Изработени и распространети беа информативни материјали за надомест на штета од државата на македонски, албански и англиски јазик, за да се обезбеди поддршка и зајакнување на правата на граѓаните.

3. ПОДДРШКА И ЗАШТИТА НА ЖРТВИ И МИГРАНТИ

3.1 Механизми за идентификација и упатување на жртви

Со цел јакнење на националните капацитети и зголемување на ефикасноста на полицијата и обвинителството во сузбивање на организираните форми на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, во изминатата година продолжи ефективно и ефикасно функционирање на НЕСКМТЛ која беше формирана во 2018 година,[78] со цел подобра координација и соработка помеѓу МВР и Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на

[78]Последно Решение за назначување на помошник раководител, заменик помошник раководител, постојани членови и контакт лица од МВР во НЕСКМТЛ е направено на **15 август 2023г**, како и измени и дополнувања на решението се направени на 12 септември 2024г, 16 ноември 2024г и 20 декември 2024г. Повеќе за НЕСКМТЛ во Годишниот извештај на комисијата за 2018г.

РСМ за сузбивање на кривични дела поврзани со трговија со луѓе и криумчарење мигранти.

Со поддршка на ИОМ[79] продолжи работата на **5^те^ мобилни тимови (МТ) за идентификација на жртви, претпоставени жртви на трговија со луѓе и ранливи групи** во Битола, Гевгелија, Куманово, Скопје и Тетово.[80] Петте мобилни тимови беа активни во спроведување на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, идентификација на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе.

Во текот на 2024 година, бесплатната **СОС линијата 080011111 за помош од трговија со луѓе,**[81] продолжи да работи 24/7 секој ден. Во тек на референтниот период примени се 237 повици (185ж/52м).[82] Преку СОС линијата, јавноста може:

- Да пријави сомнителен случај;
- Да побара помош и заштита;
- Да добие информации за превенција и достапни ресурси за поддршка.

Во 2024 година беа регистрирани седум повици за поддршка на жртвите по завршувањето на нивното сместување во Центарот за жртви на трговија со луѓе, кои побараа разговор и емоционална поддршка. Седум пријави за случаи со сомневање за трговија со луѓе беа регистрирани и упатени до надлежните институции ЦСР, НЕСКМТЛ, Мобилните тимови и/или организации за понатамошно преземање соодветни мерки и поддршка.
Што се однесува до третата група повици (други јавувања), може да се издвојат повиците поврзани со семејно насилство и други видови насилства, бидејќи тие го сочинуваат најголемиот број на повици, кои добија потребни совети и упатувања до соодветни услуги за барана поддршка.

3.2 Идентификација, упатување и директна помош на жртви

Во текот на 2024 година од страна на Оперативниот тим задолжен за формална идентификација на жртви на трговија со луѓе, констатира дека состојбата со трговија со луѓе/трговија со деца во голема мера е видоизменета

[79]Во рамки на проектот "Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на РСМ" поддржан од Банката за развој на Совет на Европа - СЕВ.
[80]Работата на МТ е утврдена во Меморандум за соработка склучен меѓу МТСП и МВР во јануари 2018г. Во нив продолжуваат да членуваат претставници од МВР, МТСП и здруженијата на граѓани (Здружението „Отворена порта/Ла Страда" учествува со свој претставник во мобилниот тим во Скопје додека МЗМП има претставници во Тетово, Куманово, Битола и Гевгелија и обезбедува правна помош и информирање на ЖТЛ, ПЖТЛ како и ранливите категории лица) кои работат на полето на БПТЛ и придонесуваат кон продлабочување на соработката помеѓу институциите со цел идентификација на ранливите категории лица, меѓу кои и жртви на трговија со луѓе.
[81]Здружението „Отворена порта/Ла Страда" од 2002г ја води првата национална СОС линија во РСМ која е специјализирана за проблемот со трговија со луѓе односно за превентивна поддршка и асистенција и поддршка на луѓе кои преживеале трговија со луѓе.
[82]Сите повици се поделени во три категории: превентивно-едукативни повици, повици директно поврзани со трговија со луѓе и други повици. Најголемиот број повици, се од информативен/превентивен карактер.

во поглед на демографската структура на жртвите на трговија со луѓе/деца и во модус операнди на криминалните групи.

Имено, во текот на годината идентификувани се вкупно **40 жртви на трговија со луѓе/деца**. Најголем број од идентификуваните се возрасни женски лица од кои **37 полнолетни лица** од женски пол, едно полнолетно лице од машки пол, и по едно дете од машки и женски пол (на возраст од 15 и 17 години). Во однос на потеклото 2 домашни жртви и 38 странски жртви, регрутирани од државите: Русија (11), Србија (7), Украина (6) од кои само две лица имаа престој по хуманитарен основ, Колумбија (6), Бразил (5), Албанија (2) и Бангладеш (1).

Експлоатацијата најчесто се врши во угостителски објекти или објекти обезбедени од страна на трговците со цел стекнување на профит преку сексуална експлоатација, експлоатација на градежни објекти со цел трудова експлоатација, додека за децата присутна е формата на присилни бракови. Доминира бројот на откриени жени и девојчиња, и по еден случај возрасен маж и момче. Од откриените и идентификувани случаи изминатата година доминантна форма е сексуалната експлоатација, при што откриени се 37 жртви на сексуална експлоатација, 2 машки лица од кои едното е дете за трудова експлоатација и 1 дете жртва на присилен брак.

Кај **трговијата со деца,** бележиме намален тренд на откриени случаи (идентификувани се два случаи на трговија со дете, во споредба со минатата година каде што беа шест). Жртви на кривичните дела се две деца на возраст од 17 и 15 години години, кои најчесто се ранлива категорија и истите се цел на трудова експлоатација и присилен брак.

Воедно, во текот на годината идентификувани се **8 претпоставени жртви,** (6ж/2м) од кои 7 деца (1м/6ж) на возраст од 3 до 16 години и 1 дете странец.

Со сите жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе/деца од страна на сите надлежни институции се постапува согласно СОП за постапување со жртви на трговија со луѓе.

Центарот за лица жртви на трговија со луѓе (Центарот)[83] во текот на 2024 година, прифати и смести вкупно **10 лица**, од кои **4 нови случаи на претпоставени/жртви на трговија со луѓе** и 6 претпоставени жртви (девојчиња) од претходни години. Вкупно 7 лица се деца од женски пол (македонски државјанки) и 3 возрасни женски лица (странски државјанки). Пет од нив се сексуално експлоатирани и 5 се жртви на експлоатација со цел принуден брак. Времето на престој е во просек од две недели до 1 година, но има штитенички кои подолго од законски предвидениот рок се згрижени во истиот. Жртвите кои го напуштаат Центарот, се сместуваат на соодветна локација по проценка на надлежен Центар за социјална работа.

[83]Режиските трошоци за функционирањето на Центарот, се финансирани од МТСП, додека услугата се финасира од Владата на РСМ во рамки на Програмата за поддршка на здруженијата на граѓани.

Од сместените штитенички во Центарот, две штитенички се здобија со непходни документи за идентификација, лична карта и пасош, на една и беше издадена трансакциска сметка. Дополнително една корисничка оствари право на единствена парична помош по основ дете во социјален ризик. Во редовниот образовен процес беа вклучени три штитенички, кои успешно се интегрираа на пазарот на труд и редовно ги извршуваа своите работни обврски. На четири од штитеничките им е одобрено право на државно здравствено осигурување и матичен лекар. Во Заводот за ментално здравје на деца и младинци на редовни прегледи беа однесени две штитенички, од кои едната беше упатена на психијатриска клиника каде и е направена функционална процена за категоризација. Четири штитенички направија редовен систематски преглед, (лабораториски услуги, преглед за уво, нос и грло и преглед на очи). Две штитенички се вклучени во програмата за Зајакнување на младите преку нови можности, во склоп на Ресурсниот центар за животни вештини.

Во однос на стручната работа, во секојдневните активности вклучени се психосоцијално советување кое се дава преку индивидуални и групни сесии со користење на техники од различни правци на психосоцијална терапија. Во текот на 2024 година, се реализирани 220 индивидуални психосоцијални советувања со штитеничките и 150 работилници на теми од интерес за нив.

Во согласност со најдобрите интереси на детето, Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ во Центарот ја спроведува програмата за психо-социјална помош и поддршка на жртви на трговија со луѓе, заради нивна стабилизација, надминување на траумите, полесно и поуспешно вклучување во тековните процеси на општественото живеење. Во рамки на програмата ангажирани се висококвалификувани специјализирани психотерапевти за намалување на стресот и ублажување на последиците од траумата. За една од штитеничките, беше обезбедена индивидуализирана терапевтска поддршка.

Во текот на 2024 година. Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ продолжи да ја спроведува Програмата за придружна социјална работа наменета за лица под висок ризик од трговија со луѓе и тргувани лица кои не се сместени во прифатилиштето, а на кои покрај услугите од програмата за директна помош и поддршка дополнително им се обезбедува: Индивидуално и семејно советување; Олеснување на пристапот до соодветни услуги на локално ниво; Долгорочна емоционална поддршка и Хуманитарна помош. Како клучна компонента на процесот на реинтеграција во рамките на Програмата за придружна социјална работа, персоналот продолжи да им помага на корисниците откако ќе го напуштат Центарот, оние кои се сместени во други безбедни објекти или семејна средина. Со оваа програма беа опфатени 7 (девојчиња) кориснички и 15 членови (3м и 12ж) од семејствата. Вкупно 22 лица добија индивидуално и семејно советување, 6 лица помош при пристап до услуги, 1 лице доби правна помош и 7 од нив добија хуманитарна помош.

Мобилните тимови[84] беа активни во спроведувањето на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе. Имено во 2024 година, контактираа, информираа и упатија вкупно **469 корисници** (227м и 242ж), од кои 400 се домашни државјани/ки и 69 странски државјани/ки од кои 227 машки лица и 242 женски лица. Согласно податоците од мобилните тимови од 446 идентификувани ранливи категории лица, 198 биле возрасни лица од кои 117 жени и 81 мажи, а 248 деца, од кои 103 девојчиња и 145 момчиња. Од вкупниот број на контактирани лица **5 се идентификувани како претпоставени жртви на трговија со луѓе од страна на Оперативниот тим**.

Во 2024 година, УНХЦР со поддршка на Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ преку Програмата за социјална асистенција обезбеди директна помош и поддршка на вкупно 194 барателиа на азил (143 мажи, 24 жени и 27 деца, од кои 17 момчиња и 10 девојчиња) со 841 сесија за барателите на азил во Прифатниот центар за барателиа на азил „Визбегово.“ Програмата се фокусираше на градење на капацитетите на барателите на азил и промовирање на локалната интеграција преку различни активности како што се часови по македонски јазик, едукативни и окупациски работилници, социјални и културни активности и обезбедување психолошка поддршка и арт терапија за подобрување на менталното здравје и личен развој. Овие иницијативи ја подобрија благосостојбата на барателите на азил и се здобија со потребни вештини, знаења и ресурси за успешна интеграција во општеството.

Во рамките на **МВР-Секторот за известување и координација** на состојби функционира апликацијата „**Red Button“/„Црвено копче**“ која им овозможува на граѓаните електронски да пријават сознание за одредено кривично дело, или информација која се однесува на злоупотреба на деца, трговија со луѓе и криминал од омраза. Во текот на 2024 година, преку апликацијата „Црвено копче“ примени се десет пријави, од кои една пријава за трговија со луѓе, за кое што е постапено од страна на Националната единица во врска со принудно питачење на деца на улица.

3.3 Правна помош на жртви на трговија со луѓе и мигранти

Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство[85] започна со примена од 25.05.2023 година. Целта на законот е да се обезбеди паричен надоместок на жртвите од кривични дела сторени со насилство како помош од страна на државата, согласно со начелото на

[84]Функционирањето на мобилните тимови и во 2024г го поддржува ИОМ во рамки на проектот “Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на РСМакедонија“ поддржан од Банката за развој на Совет на Европа - СЕВ.

[85]Сл.весник на РСМакедонија бр.247/2022.

општествена солидарност и да се спречи секундарна виктимизација. Согласно законот во февруари 2024 година беше конституирана и започна со работа **Државната комисија за надоместок за жртви од кривични дела со насилство** (Државната комисија), со цел да се даде поддршка на жртвите од кривични дела со насилство, вклучувајќи ги жртвите на трговија со луѓе, преку доделување на државен надоместок во висина до 5.000 евра за претрпена неправда. Ова претставува важен исчекор напред кон обезбедување подобра заштита на човековите права за жртвите на кривични дела со насилство, како и во борбата против трговијата со луѓе. Во извештајниот период, Државната комисија има одржано 13 седници, на кои биле разгледани вкупно 8 предмети/барања за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство и истата има постапено по сите 8 предмети. До Државната комисија не се доставени барања за одобрување бесплатна правна помош од лица жртви на трговија со луѓе.

- Здружението „Отворена порта/Ла Страда“ во 2024 година, обезбеди правна помош за една жртва по претходна психосоцијална помош и поддршка и подготовка за самата постапка и беше обезбедена правна помош и застапување од адвокат во судска постапка. Во тековни случаи на 5 жртви на трговија со луѓе од претходните години им беше обезбедена правна помош во различни фази на постапката за заштита на нивните права.
- МЗМП обезбедува поддршка во закајнување на системот на бесплатна правна помош за жртви на трговија со луѓе. Во РСМ, правното советување за жртвата е достапно преку примарната бесплатна правна помош. Правната помош за жртвата во кривичната постапка е предвидена во националното законодавство и нема пречка во остварувањето на ова право кога самите жртви си обезбедуваат адвокат во постапката. Позитивна практика е тоа што во итна постапка **се одобрени три барања за бесплатна правна помош (БПП) и назначен е адвокат за жртвите на трговија со луѓе од страна на Министерството за правда**. Со тоа, жртвите на трговија со луѓе за првпат остварија право на бесплатната правна помош во пракса. Министерството за правда постапило согласно последните препораки на ГРЕТА, односно покажа дека одделот на Министерството за правда што е одговорен за бесплатна правна помош е сензибилизиран за важноста на правната помош за жртвите на трговија со луѓе и презема чекори за да ги информира за соодветните процедури и да им овозможи пристап до правна помош.

  Во текот на 2024 година, преку МЗМП поднесено е едно барање за секундарна правна помош, кое е одобрено согласно Законот за бесплатна правна помош со цел обезбедување на адвокат на жртви на трговија со луѓе до Министерството за правда. Со одобрувањето на барањето, на жртвата ѝ беше доделен адвокат кој ќе ја застапува во сите фази од постапката – пред Основното јавно обвинителство и Основниот кривичен суд.

  МЗМП продолжи да обезбедува правна помош во Прифатниот транзитен центар Табановце и Винојуг, како и во Прифатниот центар за странци во

Визбегово. Во текот на 2024 година обезбедени се вкупно 1.662 правни совети (1429м/233ж) на лица мигранти.

УНХЦР обезбедува континуирана поддршка на МВР и МСПДМ во делот на спроведување на СОП за постапување со непридружувани деца-странци и СОП за постапување со ранливи категории лица-странци преку обезбедување на пристап до правна помош. Во рамки на проект поддржан од УНХЦР, МЗМП, заклучно со крај на октомври, правни совети/помош е обезбедена на 1248 лица кои се движат во мешани миграциски текови и правна помош на 328 лица потенцијално со потреба од меѓународна заштита.

4. ИСТРАГА И КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ И КРИУМЧАРЕЊЕ МИГРАНТИ

4.1 Предистражна постапка

4.1.1 Трговија со луѓе/дете

- **Министерство за внатрешни работи**[86]

По идентификуваните случаи од страна на МВР/НЕСКМТЛ, спроведени се 6 истраги во врска со член 418-а и 418-г. Поднесени се **две кривични пријави** за сторени две кривични дела **„трговија со дете“** по член 418-г став 2, извршени од две полнолетни лица од машки пол, кои ги принудувале жртвите на сексуална експлоатација.

Во текот на 2024 година спроведени се **2 проактивни истраги** во врска со КД “Посредување при вршење проституција” по член 191, при што во **првиот случај сузбиена е четиричлена криминална група,** која била инволвирана во извршување на кривични дела „Посредување при вршење на проституција“ по член 191 став 1 од КЗ и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ по член 273 во временскиот период од август до ноември 2024 година. Бразилска државјанка со дозвола за привремен престој во РСМ, заедно со две лица државјани на РСМ, како и две НН лица од Португалија, организирале врбување, прифаќање, превезување и сместување на женски лица од Бразил на територија на Република Северна Македонија, при што поднесена е **кривична пријава против шест лица**. Лицата преку “WhatsApp” договорале со лица- клиенти за сексуалните услуги кои ги давале женските лица по потекло од Бразил, кои пристигнувале на територија на Република Северна Македонија, а потоа биле превезувани и сместувани во претходно изнајмен стан. Додека едно лице македонски државјанин, во горенаведениот период креирал крипто новчаник на женско лице од Бразил и извршил префрлање на парични средства во Бразил стекнати од кривично дело, со што

[86]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа и Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе.

истата можела да врши трансакции и да го прикрие изворот на паричните средства.

Вториот случај во рамки на спроведено криминалистичко истражување беше сузбиена **15 члена организирана криминална група** која делувала на територијата на Тетово и Охрид при што дел од лицата се сопственици на угостителски објекти. Оваа организирана криминална група подолг временски период била инволвирана во извршување на криминални активности од повеќе области и тоа: посредување во вршење проституција, неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, како и перење пари и други приноси од казниво дело. Во својство на организатор на криминалната група, сопственик на угостителски објект ги организирал и координирал криминалните активности на другите припадници на групата, наведувал на проституција девојки, странски државјанки кои работеле како танчерки во стриптиз клубови и угостителски објекти, при што извршени се претреси во три угостителски објекти на подрачје на Тетово и Охрид, како и во еден стан на подрачје на Тетово, при што затекнати се вкупно **35 женски лица** со потекло од Украина, Русија, Србија, Молдавија, Албанија, Колумбија и Р.Северна Македонија. Поднесена е една кривична пријава против 15 машки лица.

Напоменуваме дека во врска со регистрираните кривични дела поврзани со илегална миграција и трговија со луѓе, како сторители не се јавуваат полициски службеници.

2024 година ИДЕНТИФИКУВАНИ 40 ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ			
Деца 2		Возрасни 38	
Домашни 1	Странски 1	Домашни 1	Странски 37
Вид на експлоатација		Вид на експлоатација	
Присилен брак 1	Трудова 1	Сексуална експлоатација 37	Трудова 1
Претпоставени жртви на трговија со луѓе се 8 лица (6ж/2м). Едно е возрасно машко лице и едно девојче е странска државјанка			
6 истраги вв со член 418-а и 418-г. Поднесени се 2 кривични пријави против 2 лица од машки пол, македонски државјани.			

Табела 1 : Табеларен приказ на идентификувани жртви на трговија со луѓе

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција** (ОЈО за ГОКК)

Во 2024 година врз основа на поднесени известувања од страна на МВР до ОЈО за ГОКК доставени се и оформени вкупно **4 предмети против 14 лица**, и **спроведена предистражна постапка,** за кривичното дело „Трговија со луѓе "чл.418-а, „Трговија со дете" чл.418-г и „Посредување во вршење проституција" чл.191 ст.3 од КЗ, но за истите не се покренати обвиненија за наведените кривични дела, односно:

Во првиот предмет[87] беше спроведена обемна **предистражна постапка** во која беа користени посебни истражни мерки[88] за кривични дела: „Трговија со луѓе" од чл.418-а од КЗ, кривично дело „Посредување во вршење проституција" чл.191 од КЗ, кривично дело „Перење пари и други приноси од казниво дело" чл.273 од КЗ и кривично дело „Злосторничко здружување" од чл.394 од КЗ, за 12-дванаесет лица, државјани на РСМ (машки пол). Оттука, врз основа на обезбедените докази се донесе **Наредба за спроведување на истражна постапка против 13 (тринаесет) лица** државјани на РСМ (машки пол) за кривични дела: Посредување во вршење проституција" чл.191 од КЗ, „Перење пари и други приноси од казниво дело" чл.273 од КЗ и кривично дело „Злосторничко здружување" од чл.394 од КЗ, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори чл.215 од КЗ и Оддавање на службена тајна од чл.360 од КЗ. Во текот на истрагата од страна за тројца обвинети Основниот кривичен суд Скопје, донесе **пресуди врз основа на склучена предлог-спогодба со јавниот обвинител** и тоа: за две лица за кривични дела „Злосторничко здружување" од чл.394 од КЗ и кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" чл.215 од КЗ и за едно овластено службено лице донесена е пресуда врз основа на склучена предлог спогодба за кривични дела „Злосторничко здружување" од чл.394 од КЗ и кривично дело „Оддавање службена тајна" од чл.360 од КЗ. **Воедно за 10 лица поднесен е обвинителен акт** за кривични дела „Злосторничко здружување" од чл.394 и кривично дело „Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" од чл.215 од КЗ, кривично дело „Посредување во вршење проституција" од чл.191 од КЗ и кривично дело „Перење пари и други приноси" од казниво дело од чл.273 од КЗ и спрема едно овластено службено лице за кривични дела „Злосторничко здружување" од чл.394 од КЗ и кривично дело „Оддавање службена тајна" од чл. 360 од КЗ.

[87]Оформен врз основа на Известување на МВР на РСМ, БЈБ, ОСОСК, СКИ, НЕСКМТЛ со прилог Вербална нота од Амбасада на Украина за кривично дело- Трговија со луѓе.
[88]Од чл. 215 ст.1, од ЗКП.

Во вториот предмет по спроведена предистражна постапка со примена на посебни истражни мерки,[89] донесена Наредба за спроведување на истрага против **4 лица и тоа**:

- **Против 2 лица** (државјани на Сирија и Бразил, едно лице од женски и едно од машки пол) за сторено кривично дело „Посредување при вршење на проституција“ по чл. 191 став 3 од КЗ и кривично дело „Перење пари и други приноси од казниво дело“ по чл.273 од КЗ,
- **Против едно лице** (државјанина на РСМ-машки пол) за сторено кривично дело „Посредување при вршење на проституција“ по чл. 191 став 3 од КЗ и кривично дело-„Перење пари и други приноси од казниво дело“ по чл. 273 од КЗ.
- **Против едно лице** (државјанина на РСМ-машки пол) за сторено кривично дело „Перење пари и други приноси од казниво дело“ по член 273 ст. 1 од КЗ.

Во третиот предмет по спроведена истражна постапка против 1 (едно) лице државјанин на РСМ (машки пол) донесено е Решение за отфрлање.

Во четвртиот предмет оформен во 2023год, кој по спроведена истражна постапка во 2024 година за кривично дело „Трговија со луѓе“ по чл. 418-г од КЗ на РСМ е поднесено обвинение против едно лице од машки пол.

Дополнително, во 2024 година врз основа на поднесени известувања од МВР на РСМ-БЈБ-ОСОСК-СКИ-НЕСКМТЛ, во ОЈО за ГОКК се оформени вкупно **3 (три) предмети** кои по спроведена предистражна постапка за КД Трговија со дете 418 г од КЗ, Трговија со луѓе по чл. 418-а и Злосторничко здружување од чл.394 од КЗ, во **2 (два) премети** е донесена јавно обвинителска одлука-резолуција со која е утврдено дека нема елементи на кривично дело „Трговија со дете“ 418-г од КЗ, кривично дело „Трговија со луѓе“ по чл. 418-а и „Злосторничко здружување“ од чл.394 од КЗ на РСМ, додека по **еден** предмет сеуште се води предистражна постапка.

Напоменуваме дека во сите предмети од член 418-г „Трговија со дете“ ОЈО за ГОКК постапувало согласно одредбите од ЗКП и ЗПД со кои се предвидени посебни мерки за процесна заштита при постапување со деца/сведоци жртви на трговија со луѓе.

4.1.2 Акциски контроли и инспекциски надзори

Во текот на 2024 година од страна на МВР на подрачјето на СВР Тетово спроведени се **46 акциски контроли** со цел откривање на странски државјанки кои нелегално престојуваат и работаат во угостителски објекти како танчерки и пеачки. Извршена е контрола во 67 угостителски објекти при што затекнати се вкупно **337 женски лица,** од кои **130 државјанки на РСМ** и **207 странски државјанки.** Странски државјанки (98) се приведени поради непријавен престој на нашата територија (27 од Р. Албанија, 21 од Украина, 18

[89]По чл.252 ст.1 од ЗКП за кривично дело „Посредување при вршење на проституција“ по член 191 став 3 вв ст.1 од КЗ и кривично дело – Перење пари и други приноси од казниво дело по чл.273 ст.1 од КЗ.

од Русија, 17 од Србија, седум од Косово, три од Романија, по две од Казахстан и од Молдавија и едно лице од Франција).
Во 2024 година, **Државниот инспекторат за труд (ДИТ)** во содејство со **Министерството за внатрешни работи** на територијата на целата држава има извршено **194 вонредни инспекциски надзори**. Инспекциските надзори се извршени во ризичните дејности заради препознавање/присуство на жртви на трговија со луѓе и тоа во градежништво, извршени се 63 инспекциски надзори, во угостителство 85 инспекциски надзори, во дејноста игри на среќа (казина и обложувалници) се извршени 19 инспекциски надзори, преработувачка /производство 7, обезбедување на имот и лица 1, транспорт 2, снабдување со електрична енергија 1, трговија на големо и мало 8, повреда на авторски права 2, образование 2 и 4 инспекциски надзори се извршени во услужните дејности.

4.1.3 Криумчарење мигранти

- **Министерство за внатрешни работи**[90]

Во текот на 2024 година, спроведени се 2 истраги во врска со член 418-б и 418-в од кои едната е проактивна и сузбиена е Меѓународна криминална група. Поднесени се **2 кривични пријави против 20 лица** (едно лице од Србија). Сите останати се државјани на РСМ.

Што се однесува до кривичното дело „**криумчарење на мигранти**“ по член 418-б од КЗ на РСМ, регистрирани се **60 кривични дела** (од нив едно за „соизвршителство). Мерки на кривичен прогон се преземени против **78 лица (23 се странски државјани)**, од нив една е жена и две деца.

Во тековната година пријавени се и 19 полнолетни лица (сите од машки пол) за сторени пет кривични дела **„организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со дете и криумчарење на мигранти“ и „криумчарење на мигранти“** по член 418-в од КЗ на РСМ.

Напоменуваме дека во врска со регистрираните кривични дела поврзани со илегална миграција, како сторители не се јавуваат полициски службеници.

❖ <u>Состојби со илегалната миграција</u>

Илегалната миграција во Северна Македонија е актуелна закана која во голема мера влијае на безбедносната состојба во државата. Притисокот на границите од нови пристигнувања е константно присутен, иако оваа година е со намалено темпо на движење, сепак МВР континуирано продолжува со преземање активности за справување со истата, како стратешки приоритет и закана со која се справуваат и земјите во регионот и пошироко.

[90]Податоци добиени од Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа.

❖ **Спречени обиди за илегални преминувања**

Намален е трендот на спречени обиди за илегални преминувања за 52,2%, а намалени се и откриените случаи, кривичните дела и сторители на криумчарење на мигранти. Јужната граница со Р. Грција е сеуште клучна точка за влез на мигрантите каде е забележано намалување за 65%, додека на границите со Србија и со Косово, бројот на спречени обиди е во пораст.

СПРЕЧЕНИ ОБИДИ ЗА ИЛЕГАЛНИ ПРЕМИНУВАЊА	2024 ГОДИНА	2023 ГОДИНА	ПРОМЕНА %
НА ГРАНИЦА СО Р. ГРЦИЈА	4.297	12.477	-65,6%
НА ГРАНИЦА СО Р. АЛБАНИЈА	41	54	-24,1%
НА ГРАНИЦА СО Р. СРБИЈА	2.328	1.405	65,7%
НА ГРАНИЦА СО Р. КОСОВО	108	17	повеќекратно зголемување
НА ГРАНИЦА СО Р. БУГАРИЈА	35	1	повеќекратно зголемување
ВКУПНО	6.809	13.954	-51,2%

Табела 2:Компаративен приказ на спречени обиди за илегални преминувања 2023/2024 година

Според структурата на мигрантите, најзастапени се обидите на лица по потекло од Сирија-3.156, чиј број бележи намален тренд во споредба со минатата година. Во топ пет се вбројуваат обидите на лица од Мароко-582, потоа Египет-525, Ирак-370 и од Авганистан-309. За одбележување е зголемениот број на обиди на лица од Турција-244 и од Кувајт-99, додека минатата година во истиот период спречени се само два обиди.

❖ **Сузбиени организирани криминални групи**

Сузбиени се две организирани криминални групи: една 13 члена организирана криминална група, која организирала криумчарење на поголем број мигранти, најголем број по потекло од Непал и Сирија, кои одреден временски период престојувале на територијата на Р.Србија и Р.Грција, додека втората, седум члена група е инволвирана во криумчарење мигранти најголем дел со лица, по потекло од Сирија, Конго и Ирак на начин што истите биле прифаќани во околината на Гевгелија и Дојран, од каде со криење во бункери во товарниот дел на товарни возила биле пренесувани до кумановско-липковскиот регион, при што дел од криумчарените мигранти времено биле сместувани и засолнувани во објекти на членовите, соработниците и помагачите на групата, од каде потоа биле криумчарени кон територијата на Р. Србија и државите на ЕУ.

❖ **Криумчарење мигранти**

Ризикот од криумчарење на мигранти останува да биде на високо ниво, со

оглед дека е високо застапена и доминантна криминална активност, а зголемена е и побарувачката на услугите на криминалните структури кои активно делуваат во регионот и пошироко. Северна Македонија е транзитна земја за криумчарење мигранти. Во текот на 2024 година, полициските службеници откриј вкупно 69 случаи на криумчарење на вкупно 487 мигранти, најмногу од Сирија, Кина, Ирак и од Непал.

❖ **Модус на делување**

Мигрантите се прифаќаат на претходно утврдени и договорени локации во Атина-Грција, од каде организирано се носат во близина на граничната линија со Северна Македонија и пеш остваруваат илегален влез. Потоа се преземаат со моторни возила, најчесто се работи за патнички возила и се носат до северниот дел од државата (села во близина на границата со Србија). Возачите откако ќе ги забележат полициските патроли, ги оставаат возилата со мигрантите покрај патот и се даваат во бегство.

❖ **Рути на движење**

Рута на движење на криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на мигранти е патниот правец Гевгелија-Скопје-Куманово, особено магистралните патишта во Југоисточен регион (Гевгелија, Валандово, Струмица), Вардарски регион (Демир Капија, Неготино, Градско), Скопски регион (Скопје и околината и Североисточен регион (Куманово, Табановце).

❖ **Број на лица сместени во Прифатниот центар за странци**

Во **Прифатниот центар за странци во Скопје,** во референтната година, биле сместени 309 лица, од нив 287 од машки, а 22, од женски пол. Според земјата на потекло, најголем дел од лицата се од Сирија-76, Турција-44, Кина-43, Непал-26, Ирак-20, Косово-17, Иран-14, Пакистан-11, Албанија-девет и во помал број од други земји. Во однос на возраста, најбројни се лицата на возраст од 18 до 35 години-179, потоа 88 се лица на возраст од 36 до 59 години, 22 на возраст од 14 до 17 години, три на возраст над 60 години и 17 лица се деца на возраст од 0 до 13 години.

- **Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ОЈО ГОКК)**

Во 2024 година, во ОЈО за ГОКК за кривичното дело „Криумчарење на мигранти„ по чл. 418-б има поднесено **61 обвинителни акти против 78 лица.**[91] Додека за кривичното дело „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ по чл.418-в има поднесено **еден обвинителен акт**

[91]За кривичното дело Криумчарење на мигранти по чл.418 б ст 4 од КЗ се поднесени 30 обвинителни акти против 38 лица и 1 обвинителен акт за КД „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ по чл. 418 в против 7 лица. За кривичното дело Криумчарење на мигранти по чл.418 б ст 2 од КЗ се поднесени 31 обвинителни акти против 40 лица.

против 7 лица. Дополнително, има спроведено една Наредба за истрага за 12 лица за кривичното дело „Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти“ по чл.418-в, по спроведување на истражната постапка и прибавените докази за 7 лица истражната постапка е запрена, а за 3 лица донесена е пресуда по поднесена прелог спогодба за кривичното дело „Криумчарење на мигранти„ по чл. 418-б од КЗ, и за 1 лице донесена е пресуда врз основа на признание на вина по поднесен обвинителен предлог за КД „Криумчарење на мигранти„ по чл. 418-б.
Во контекст на наведено, карактеристично е дека од вкупниот број од 78 лица за кои е покренато обвинение од страна на ОЈО за ГОКК по чл. 418 б од КЗ, 22 лица (28,205 % од вкупниот број на обвинети лица во 2024г , споредбено-22.95% во 2023 г) се странски државјани (9 лица државјани на Турција, 4 лица државјани на Косово, 3 лица државјанин на Авганистан, 2 лица државјани на Сирија, 2 лица државјани Пакистан, и по едно лице од Босна и Херцеговина, и Албанија), сите од машки пол.

4.2 Кривична постапка

За кривичните дела поврзани со трговија со луѓе и илегална миграција во текот на 2024 година, Основен кривичен суд - Скопје прими вкупно **79 предмети,** во кои се обвинети **126 лица (3ж и 123м)**.
Во 2024 година, правосилни се **79 предмети** во кои **казна затвор е изречена на 83 лица (2ж и 81м)**, додека, условна пресуда е изречена на 29 машки лица. Времетраењето на **правосилните казни** затвор се движат од 3 месеци до 10 години затвор.[92]
Од пет правосилни пресуди во 2024 година, за Трговија со дете, во 1 пресуда е досудено оштетно побарување на име нематеријална штета, во другите 4 пресуди на барање на полномошниците на оштетените жртви, во однос на оштетното побарување упатени се на граѓански спор-парница.
Нема пресуди кои резултираат со затварање на бизнис или организација.
Во 2024 година во правосилните пресуди и за Трговија со дете и Криумчарење со мигранти не е евидентиран полициски службеник.

Конфискации поврзани со кривичните дела се извршени согласно член 418-в од КЗ. Имено во текот на годината при постапување во два предмети, во првиот предмет, обвинетото лице покрај делото од чл. 418-в, се товари и за кривично дело Перење пари по чл. 273 ст.1 во врска со чл. 45 од КЗ. Во оваа

[92]Висина на изречените казни затвор по кривично дело: чл.418-б: до 1 година за 14 лица; од 1-2 години за 8 лица; 2 години за 6 лица; 3 години за 5 лица; од 4-5 години за 21 лице; од 5-6 години за 22 лица; од 6 години за 1 лице; 9 години за 1лице.
чл.418-в: до 1 година за 2 лица; од 1-2 години за 3 лица; од 2-3 години за 3 лица; 3 години за 3 лица; 4 години за 2 лица; 5 години за 4 лица; 7 години за 4 лица; 8 години за едно лице.
чл.418-г: 4 до 5 години за 3 лица; 5 години за 4 лица; од 6-7години за 4 лица; и едно лице е осудено **на 10 години затвор.**

постапка конфискувана е имотна корист стекната со извршување на кривичните дела во износ од 15.027,00 евра, односно 924.160,00 денари. Додека во вториот предмет, против друг обвинет исто така за кривични дела од чл. 418-в и чл. 273 ст.1 в.в. чл.45 од КЗ, конфискувана е имотна корист во износ од 31.788,59 евра, односно 1.954.998,28 денари. **Вкупно конфискувани средства: 46.815,59 евра**, односно **2.879.158,28 денари**.

Член од КЗ	Примени			Завршени			Правосилни			Одлука по лица				Нерешени/ одложени
	предмети	Обвинети лица		предмети	Обвинети лица		предмети	Обвинети лица		Казна затвор		Условна осуда		
		м	ж		м	ж		м	ж	м	ж	м	ж	
чл.418-а	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/	/
чл.418-б	68	94	1	75	97	/	66	79	/	59	/	19	/	/
чл.418-в	7	24	/	7	14	/	8	26	/	12	/	10	/	/
чл.418-г	4	5	2	4	9	/	5	10	2	10	2	/	/	/
Вкупно	79	123	3	86	120	/	79	115	3	81	2	29	/	/
		126			120			118		83		29		

Табела 4: Преглед на судски предмети и обвинети лица[93]

[93]Доставени податоци преку пребарување во АКМИС–системот за водење на судски предмети во Основниот кривичен суд Скопје 01.01.2024-31.12.2024г.

5. БУЏЕТ

Спроведените активности се реализирани во партнерство помеѓу Комисијата, институциите, меѓународните организации и здруженија на граѓани. Донаторите и партнерите придонесоа во имплементација на активностите за борба против трговија со луѓе и илегална миграција согласно Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и трговија со деца за 2021-2025 година.

МВР	409.786,00 денари
Прифатен центар за странци	4.294.606,00 денари
МСПДМ за ЦЛЖТЛ [94]	3.804,408 денари
Здруженија на граѓани[95]	12.921.257,00 денари
Меѓународни организации[96]	377.049,00 ЕУР

Табела 5: Спроведени активности преку обезбедени средства од институции, меѓународни организации и здруженија на граѓани

[94]МСПДМ за функционирање на Центарот за жртви на трговија со луѓе има планирано средства во износ од 3.804.408 денари за 2024г за финансирање на услугата и склучен е Управен договор за реализација на доделување на средства за обезбедување на социјални услуги за Центар за приврмен престој на жртви на трговија со луѓе помеѓу МСПДМ и Здружението „Отворена порта/Ла Страда.“

[95]Здруженијата на граѓани: „Отворена порта/Ла Страда“ за актвности наменети за трговија со луѓе обезбеди средства од 12.700.257,00ден. „За среќно детство“ најголемиот број на активностите ги спроведе на волонтерска основа, со логистичка подршка на Филозофскиот факултет – Скопје, додека за изготвените документи реализираше средства од 221.000,00 МКД;.

[96]**Меѓународни организации:** Меѓународната организација за миграции **ИОМ** Скопје во рамки на регионалните и националните проекти/активности финансирани од МНР на Данска и Европска Комисија обезбеди проектни буџети околу 70.000,00 ЕУР, За активностите кои што ги спроведе на регионално ниво **УНОДЦ** беа обезбедени 199.000 УСД или 192.549 ЕУР. **УНХЦР** преку своите проекти обезбеди 440,000,00 мкд или 7.155,000 ЕУР. Прецизна бројка за буџетот на реализираните активности на **ИЦМПД** во РСМакедонија за 2024г не може да се утврди, со оглед на тоа што активностите се имплементираат во рамките на поголем регионален проект. Канцеларијата на **Совет на Европа** во Скопје преку проектот Хоризонтален инструмент на ЕУ и Совет на Европа „Зајакнување на активностите против трговија со луѓе во РСМакедонија„ обезбеди околу 90.000,00 ЕУР. Преку проект ЕУ4ФАСТ на **ГИЗ** беа обезбедени околу 17.500 ЕУР;

6. ПРИОРИТЕТНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2025 година.

- Обезбедување нов објект/простории за функционирање на Центар за лица жртви на трговијата со луѓе според меѓународните стандарди;
- Поддршка за континуирана работа на 5-те мобилни тимови за идентификација, упатување и асистенција на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе, како и воспоставување на фонд за дирекна асистенција на ранливи категории лица вклучително и жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе;
- Спроведување на евалуација на Националната стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе/деца и илегална миграција 2021-2025 година и изработка на нови документи со важност од 2026-2030 година;
- Развивање на методологија на обуките за проактивни техники за истрага, вклучувајќи и примена на информациско комуникациски технологии;
- Спроведување на обука за СОП за трговија со луѓе и СОП за постапување со непридружувани деца и други ранливи категории на лица странци наменети за полициските службеници и социјалните работници;
- Спроведување на мултидисциплинарни обуки на сите нивоа со цел јакнење на капацитетите на професионалците со цел препознавање и соодветно упатување на жртви и претпоставени жртви на трговија со луѓе, особено за инспектори од Секторите за внатрешни работи кои работат на области семејно насилство, малелетничка деликвенција, питачење, вклучувајќи ги и инспекторите за превенција, со цел информирање на поширок број службени лица кои доаѓаат во контакт со претпоставени жртви на трговија со луѓе и деца жртви;
- Мониторинг и евалуација на политиките за спречување на трговија со луѓе;
- Зајакнување на системот на бесплатна правна помош за жртви на трговија со луѓе во сите фази на судската постапка, со посебен акцент на заштита на правата на жртвите и обезбедување фер и правично судење;
- Поддршка на жртвите на трговија со луѓе во процесот за остварување на нивното право на надомест на штета, согласно Законот за исплата на паричен надоместок на жртви од кривични дела со насилство;
- Обезбедување на правна помош на лица кои се движат во мешани миграциски текови, правна и психосоцијална поддршка за барателите на азил, лица кои имаат потреба од меѓународна заштита;
- Спроведување кампањи за подигнување на свеста за ризиците и последиците од трговијата со луѓе/деца, насочени кон заедниците, младите и ранливите групи.